CRPM Center for Research and Policy Making
...policy impact since 2004

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19:
КАКО ТРОШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПАРИ ВЛИЈАЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ?

© Центар за истражување и креирање политики, 2021

Сите права се задржани.

Автори:
Ристе Јуруковски, Марија Ристеска, Кристијан Алексоски, Златко Симоновски

Лектор:
Билјана Пепоска

Austrian Development Agency

Sida

Оваа публикација е создадена во рамките на проектот „Мрежа за родов надзор врз буџетот во Западен Балкан и Република Молдавија“ со финансиска поддршка на Австриската развојна агенција (АДА) и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА). Ставовите во студијата се на авторите и не ги одразуваат ставовите на АДА и СИДА.

Содржина

Вовед и методологија **5**

Поглавје 1 **8**
Навременост на одговорот: парите одат кон граѓаните (мажи и жени) на кои им се потребни

Итен ребаланс на буџетот како одговор на ковид-19 **9**
Анализа на приходи **11**
Анализа на расходи **12**

Поглавје 2 **18**
Родово одговорни мерки и буџети **22**
Учество во креирањето на мерките со кои се одговара на ковид-19

Поглавје 3 **26**
Родово одговорно управување со јавните финансии и јавните набавки за ковид-19

Поглавје 4 **30**
Влијание на одговорот на ковид-19 на родовата еднаквост
Родово-фискална анализа на корисниците на ковид-19 мерките

Заклучоци и препораки **37**

Библиографија **53**

Листа на кратенки

СЗО	Светска здравствена организација
БДП	Бруто-домашен производ
ЕУ	Европска унија
ИТ	Информатичка технологија
МК	Македонија
ЕЛС	Единици на локална самоуправа
ЦИКП	Центар за истражување и креирање политики
ОБСЕ	Организација за безбедност и соработка во Европа
ДДВ	Данок на додадена вредност
ДОО	Друштво со ограничена одговорност
ДООЕЛ	Друштво со ограничена одговорност на едно лице
ПКМ	Паритет на куповна моќ
ДЗС	Државен завод за статистика
УЈП	Управа за јавни приходи
АМС	Авто-мото сојуз
МТСП	Министерство за труд и социјална политика
ЕИБ	Европска инвестициона банка
КИП	Конкурентност, иновации и претприемништво
ЕУР	Евро
УСД	Американски долар
СВР	Сектор за внатрешни работи

Листа на табели

Табела 1 Родово неутрални мерки за справување со ковид-19 според дизајнот на мерката

Табела 2 Родово сензитивни мерки за справување со ковид-19 според дизајнот на мерката

Табела 3 Родово позитивни мерки за справување со ковид-19 според дизајнот на мерката

Табела 4 Родово трансформативни мерки за справување со ковид-19 според дизајнот на мерката

Табела 5 Компании со највисока вредност на договори на јавни набавки според полот на управителот

Табела 6 Најпогодени сектори според бројот на вработени и пол, % учество на жени

Табела 7 Најпогодени сектори според бројот на вработени и пол, % учество на мажи

Табела 8 Прекршоци, сторители и жртви на кривични дела со семејно насилство 34

Табела 9 Надомест во случај на невработеност според релаксираните услови, полово поделени

Листа на графикони

Графикон 1 Приказ на состојбата на републичкиот Буџет во 2020 година

Графикон 2 Приказ на приходната страна на Буџетот и ребаланс на Буџетот за 2020 година

Графикон 3 Приказ на тековни расходи во Буџетот и ребаланс на Буџетот за 2020

Графикон 4 Расходи по функционални области во Буџетот и ребаланс на Буџетот за 2020 година

Графикон 5 Приказ на буџетски средства по владини програми за 2020 година

Графикон 6 Приказ на капитални расходи за 2020 година

Графикон 7 Дали мерките за одговор на кризата од ковид-19 беа консултирани со жени кои се потенцијално погодени од кризата?

Графикон 8 Што мислите, дали реакцијата на Владата на ковид-19 беше во согласност со најголемите потреби на жените и мажите?

Графикон 9 Според ваше мислење, дали јавните набавките во оваа вонредна состојба беа транспарентни?

Графикон 10 Регистрирани невработени лица, март 2019 - јули 2021 година

Графикон 11 Родово сензитивни мерки

Графикон 12 Промени во бројот на регистрирани невработени жени помеѓу 29 февруари 2020 и 31 јули 2020 година, сортирани по процентна промена, први 10 градови

Главни поенти

Родот не е системски вклучен при дизајнирањето на одговорот на ковид–19 и во политиките/мерките и во буџетот, а најмалку во јавните набавки. Во најголем дел отсуствуваа консултации со невладини организации, што доведе мерките да не ги отсликуваат реалните состојби, начинот на живот, веќе востановените родови нееднаквости и не влијаеја на нивно надминување. Од 46 анализирани мерки, само две мерки се родово трансформативни, а само девет се родово позитивни мерки.

Доколку мерките специфично не вклучуваат родови критериуми, институциите не водат полово поделена статистика за корисниците на мерките. Тоа доведува до ограничување да се следат мерките од родова перспектива, вклучително да се анализира нивното влијание на родовата еднаквост.

Јавните набавки се итни, без оглас и со постапка на директно преговарање, со што се нетранспарентни и ризични на корупција. Социјалните критериуми за избор на најповолна економска понуда, вклучително родовата еднаквост, не се користеа во набавувањето на стоки и услуги за справување со ковид-19.

Нема извештај, ниту ревизија на трошењето на јавните пари за ковид-19, ниту неговото влијание на еднаквоста, вклучително родовата еднаквост.

Мерките предизвикаа родови нееднаквости:

√ Жените го презедоа товарот на грижа за децата и семејството во отсуство на услуги на грижа. На секој петти родител, таткото беше ослободен од работа, а мајките преземаа три четвртини од севкупната грижа.

√ За 20% се зголеми бројот на случаи на семејно насилство.

√ Мерките не помогнаа за поддршка на задржувањето на економската активност на жените. Од 10 најпогодени сектори и според пад на невработеност и според пад на плати, само во 2 сектора жените се над 50%. Иако најпогодените сектори се доминантно машки, отпуштањата од работа се побројни кај жените. Особено ранливи беа жени кои живеат во пограничните градови. Имаме:

- раст на регистрирани невработени жени, но бројот на неактивни мажи расте за 5%. Кризата влијае негативно на вработеноста кај жените и на пасивизацијата кај мажите,
- најголем број жени ја изгубиле работата во секторите: преработувачка индустрија, транспорт и складирање, земјоделство, шумарство и рибарство, дејности на здравствена и социјална заштита и дејности во врска со недвижен имот,
- мажите во најголем број изгубиле статус на вработени во следниве сектори: транспорт и складирање, преработувачка индустрија, земјоделство, шумарство и рибарство, снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината и рударство и вадење камен.

√ Мерките одговорија на потребите на жените кои останаа без работа на формалниот и неформалниот пазар на труд. Субвенцијата за исплата на плата во износ од 14.500 денари ја користеле скоро подеднакво и мажите и жените. Како резултат на невработеноста, жените се повеќе корисници на мерките за надомест во случај на невработеност, но и брз влез во системот на социјална заштита им се овозможи на повеќе жени кои останаа без работен ангажман или биле дел од неформалната економија

√ Мерките за поттикнување на економска активност, како без каматните кредитни линии (ковид 1 и 2) и кредитот од ЕИБ со субвенционирана каматна стапка во својот дизајн, не ги земаат предвид структурата на компаниите и секторите во кои традиционално има повеќе или помалку жени, ниту имаат родови критериуми вградени во мерките. Деловните банки и Банката за обнова и развој кои ги спроведуваат мерките не водат евиденција на корисници на мерките по пол.

√ Тоа не е случај со мерката за поддршка за развој на домашни стартап продукти и услуги за поттикнување на иновации, каде што се предвидува специфична поддршка на микро, мали и средни претпријатија основани и/или водени од жени и млади да се корисници на мерката и мерката бескаматни кредити со 30% грант компонента за микро и мали претпријатија (од четвртиот сет економски мерки), која нуди и 30% грант за компаниите кои се водени или основани од жена.

√ Мерките не овозможија разбивање, туку институционализација на родовите стереотипи како во случајот со спортските работници кај кои поддршка добија 83% мажи и 17% жени.

Вовед и методологија

Пандемијата предизвикана од ковид-САРС-19 вирусот претставува предизвик без преседан за целиот свет, а особено за креаторите на политики од аспект на нивно справување. Нивната цел од една страна е да се намалат здравствените последиците, како бројот на заразени и починати од вирусот, но од друга страна секако е и да се намалат социоекономските последици од мерките за заштита на населението. Во Македонија бројни студии алармираа за нееднакво влијание на здравствената и економска криза врз мажите и жените во земјата [1].

Како и во други земји погодени од кризата, инциденцата на заразени со вирусот е за мал степен повисока кај жените (на пример: во Македонија до 21 јули 2020 година регистрирани беа 4.798 жени и 4.715 мажи), иако поголем е бројот на смртни случаи кај мажите [2]. Ова се должи на фактот што жените работат на места на кои се поизложени на вирусот, на првата линија на справување во болниците (како докторки, лаборантки, сестри, болничарки и хигиеничарки) [3], во малопродажба во маркетите (како касиерки, подредувачки, одржување хигиена), во аптеките (како фармацевтки) итн. Медицински извори пак интерпретираат дека смртноста кај мажите е поголема не само поради социоекономските фактори, како на пример: поголемата присутност на коморбидитети кои се резултат на начинот на живот и поголема употреба на алкохол и цигари [4], или изборот на професијата; туку се должи на фундаментални разлики во имуниот одговор на вирусот кај мажите и жените [5]. Затоа истражувачите и експертите за јавни политики се согласуваат дека полово поделените податоци за инциденцата на заразени и смртноста мора да се следат за да се развијат родово еднакви решенија за оваа пандемија [6].

Од економски аспект, пандемијата во Македонија и во светот предизвика економска криза досега од најголеми размери, која пак се должи на поврзаноста на економиите во светот и степенот на глобализацијата. Во земјата економската криза најголемо влијание имаше врз одредени сектори, како занаетчиството, трговијата, туризмот, угостителството и услугите итн. Од првичните полово поделени податоци кои се ограничено достапни за следење на влијанието врз економијата, можеме да увидиме дека кризата особено влијаеше врз компании основани и водени од едно лице, а особено врз оние управувани од жени (53% од лицата кои се стекнале со статус на невработени во април 2020 година се жени), како и врз лица кои работат неформални бизниси, а се корисници на социјална помош, а каде што повторно жените учествуваат во поголем број од мажите.

Иако државата донесе мерки за стимулирање на домашната економија и помош на погодените од кризата, кои ќе овозможат забавен пад на економската активност и градење на економскиот раст во иднина; овие и сите идни мерки треба да бидат ценети од родова перспектива поради тоа што претходните податоци ни покажаа дека и економската криза различно влијае врз мажите и жените. Во оваа анализа во фокус се јавните финансии кои беа определени за реализација на мерките на Владата од првиот, вториот и третиот пакет-мерки за одговор на кризата во вкупна вредност од 194,4 милиони евра согласно периодот за кој се прави анализата, март/април до јули 2020 година од родов аспект. Бидејќи буџетот игра централна улога во одговорите на Владата на овој јавен здравствен проблем, мерките специјално дизајнирани за ефикасна заштита на населението од ширење на вирусот како и мерките за намалување на негативните ефекти врз економијата се анализирани користејќи алатки за родово одговорно буџетирање: родово буџетска анализа на трошоци и родово одговорна оценка на корисниците на мерките кои се финансирани преку јавните финансии.

Податоците кои се анализирани се собрани користејќи заеднички утврдена методологија која Центарот за истражување и креирање политики заедно со партнерите од Мрежата за родов надзор врз буџетот во Западен Балкан и Република Молдавија ја разви и ја спроведе во периодот јули - декември 2020 година во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Молдавија, Косово, Црна Гора и Србија. Притоа податоците се прибрани користејќи барања за слободен пристап до информации, интервјуа и анкети за прибирање на примарни податоци [7], како и секундарни податоци од анализи, извештаи, јавни документи и статистички податоци. Анализата користи пристап на триангулација како метод за анализа. Анализата идентификува родов јаз кој се создава со имплементацијата на усвоените мерки за справувањето со ковид-19 и се влечат научени лекции; како и се даваат препораки кои треба да се спроведат во периодот по завршување на кризата со ковид-19.

Од започнувањето на пандемијата, па досега сите држави беа поставени пред предизвикот да креираат координирани сеопфатни краткорочни, среднорочни и долгорочни стратегии за поддршка на економската активност и создавање пат кон економско закрепнување. Но, мерките кои беа донесени се од итен карактер и најголемо влијание имаа на краток рок. Какви долгорочни мерки за закрепнување од здравствената и економската криза треба да се донесат, а тие да го намалат веќе создадениот родов јаз, како и како преку јавните финансии да се влијае на унапредување на родовата еднаквост се главен интерес на оваа анализа.

Во неа во првиот дел се оценува навременоста на мерките и буџетот усвоен за справување со ковид–19; во вториот дел од анализата се оценува колку усвоените мерки се родово одговорни користејќи алатка развиена од СЗО – родов семафор, со кој се категоризираат мерките како родово неутрални, родово специфични и родово трансформативни. Во третиот дел се оценува транспарентноста на процесот на развој на мерките и буџетот за справување со ковид 19, како и учеството на граѓанските организации, особено оние кои се бават со родови прашања во развојот на политиките и буџетот. Третото поглавје дава осврт и на транспарентноста на јавните набавки. Конечно во четвртиот дел од анализата се држи Владата како одговорна за спроведените мерки. Притоа се оценува влијанието на мерките на родовата еднаквост, дали се создава родов јаз со имплементацијата? Анализата презентира податоци за тоа кои се корисниците на мерките и буџетот за справување со ковид–19 и како тоа влијае на односите меѓу мажите и жените. На крајот се претставуваат заклучоците, научените лекции, како и препораките за тоа како да се дизајнираат мерките за закрепнување без тие да создадат родов јаз.

---

[1] Некои од тие се ЦИКП (2020) Брза анализа на преземените и предложени мерки за справување со влијанието на епидемијата од ковид-19 од родова перспектива; UNWomen (2020) Влијанието на ковид-19 врз жените и мажите во Северна Македонија

[2] Институт за јавно здравје, на поднесено барање од ЦИКП за пристап до јавни информации, јули 2020 година

[3] Според Државниот завод за статистика, има 15.355 жени од вкупно 21.200 вработени лица во здравствениот сектор

[4] Thera van Osch (2020) The gender impact of Coronavirus: How to move to an economy that cares for people and the planet, достапно на интернет https://wideplus.org/wp-content/uploads/2020/03/The-gender-impact-of-Corona-Virus.pdf (последно пристапено на 09/01/2021)

[5] Hannah Peckham, Nina M. de Gruijter, Charles Raine, Anna Radziszewska, Coziana Ciurtin, Lucy R. Wedderburn, Elizabeth C. Rosser, Kate WebbMale sex identified by global COVID-19 meta-analysis as a risk factor for death and ITU admission, достапно на интернет https://www.nature.com/articles/s41467-020-19741-6 (последен пат пристапено на 09/01/2021)

[6] Wenham C, Smith J, Morgan R COVID-19: the gendered impacts of the outbreak.Lancet. 2020; 395: 846-848, достапно на интернет https://www.thelancet.com/journals/langlo/article/PIIS2214-109X(20)30464-2/fulltext (последен пат пристапено на 09/01/2021)

[7] За потребите на оваа анализа направена е и анкета на граѓански организации кои работат на родови прашања и целосните резултати од анкетата се дадени во анекс на оваа анализа.

1

Навременост на одговорот: парите одат кон граѓаните (мажи и жени) на кои им се потребни

Првиот случај на ковид-САРС-19 во нашата земја беше регистриран во февруари 2020 година. Со појавата на првиот случај, се започна со следење на ширењето на вирусот, но за разлика од другите земји, каде што најпрво се усвои и се објави План за справување со вирусот, во Македонија на јавноста не и се презентираше ваков план. Вниманието повеќе се насочи кон тоа како институционално се справува со вирусот преку Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство и формирањето на Главен координативен кризен штаб и кризни штабови на единиците на локалната самоуправа за целосна координација на сите државни органи на централно и локално ниво во справувањето со КОВИД-19. Отсуствуваше и проактивната транспарентност за тоа кој е член на сите тела, вклучително и Комисијата за заразни болести, и дали има родов баланс во членството, а на барање за пристап до информации овие податоци беа достапни. Немањето родов пристап во целата стратегија со справувањето со вирусот може да биде забележана од учеството на жените во телата кои се формираа за одговор на ширењето на заразата, каде што имаме помалку жени од мажи. Тоа може да е резултат и на фактот што помалку жени се на назначени и избрани позиции бидејќи дел од членовите на телата со задача да се справуваат со вирусот стануваат членови по службена должност, односно како назначени и/или избрани функционери на институциите со коишто раководат.

Првите мерки кои се преземаа како одговор на вирусот од 10 март 2020 година беа забрана за групирање на повеќе од две лица кои не се во роднинско сродство; држење растојание од два метра на отворено и носење заштитна маска на отворено и во затворен јавен простор (каде што нема услови за држење физичка дистанца); затворање на хотели, трговски центри, културни институции итн. Од 18 март 2020 година се прогласи вонредна состојба, која овозможи да се одреди полициски час во целата држава и ограничено движење за лица постари од 67 години и млади луѓе до 18-годишна возраст, ослободување од полициски час за лица на кои им е потребна итна медицинска помош и клучни работници, како што се полиција, вооружените сили, здравствените работници, учесници во производствениот процес во земјоделството. Иако главно мерките се сметаат за навремени, Македонската академија за науките и уметностите предупреди за пропорционалност и нужност на усвоените мерки [8], а се оспори и нивната законитост и легитимност. [9]

Со прогласувањето на вонредната состојба, техничката Влада ја презеде законодавната власт. Фактот дека во рамките на процесот Владата усвои 150 уредби со законска сила[10] и 73 обврзувачки одлуки [11] и измени или укина огромен број одлуки, тие влијаеја на правната сигурност на граѓаните и бизнисите во време на криза, особено поради претставувањето на еден тип мерка на прес-конференција, а друг тип мерка во уредбата, или објавување на начините за реализација на мерката неколку дена пред рокот за пријавување за таа мерка.[12] Со оглед дека vacatio legis периодот за овие акти е особено краток, повеќето одлуки стапија во сила истиот или следниот ден од објавувањето во Службен весник. Владата по реакција на граѓаните, медиумите и невладините организации, овозможи пристап до нив преку носење одлука со која пристапот до Службен весник во време на вонредната состојба стана бесплатен и со објавување на одлуките на посебниот дел за ковид-19 на владината интернет-страница. Владата по реакција на граѓаните, медиумите и невладините организации, овозможи пристап до нив преку носење одлука[13] со која пристапот до Службен весник во време на вонредната состојба стана бесплатен[14] и со објавување на одлуките на посебниот дел за ковид-19 на владината интернет-страница.

---

8 В.Камбовски и др. „Анализа на правните аспекти на вонредната состојба“, Скопје, мај 2020 година, МАНУ

9 ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите, Скопје Јануари 2021

10 https://myla.org.mk/%d0%b2%d0%be%d0%bd%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%dbe%d1%98%d0%b1%d0%b0/

11 https://vlada.mk/uredbi-covid-19.

12 ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите, Скопје јануари 2021

13 Одлука Бр.44-2638/1 од 30 март 2020 година

14 Со оглед дека пристапот до Службениот весник не е бесплатен за сите, туку само со претплата, на почетокот на вонредната состојба имаше ограничен пристап до овие законски акти

Итен ребаланс на буџетот како одговор на ковид-19

Со воведувањето на вонредна состојба на територија на земјата за временскиот период март - април, се отвориј прашања поврзани со динамиката во извршувањето на усвоениот Буџет. Следејќи ги практиките во регионот на Западен Балкан и водејќи се по примери на земји членки на ЕУ, во насока на санација на последиците кои ги создаде пандемијата, во април се донесе одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници, а во мај се донесе ребаланс на буџетот за 2020 година. На најголеми измени подлегна расходната страна, во делот на трансфери и субвенции и капиталните расходи, но и приходната страна, особено во ставката даночни приходи [15].

На 9 април Владата усвои Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетски корисници на централната власт и меѓу фондовите, со која се реалоцираа 6,5 милијарди денари со цел спроведување на прв и втор сет на економски мерки за амортизирање на ударот врз економијата кои беа насочени кон заштита на ликвидноста на компаниите и заштита на работните места.

Со донесениот ребаланс на Буџетот на 15 мај 2020 година, вкупните приходи се планирани на ниво од 196,8 милијарди денари и тие се за 11,5%, односно 25,5 милијарди денари пониски во однос на првично планираните приходи. Вкупните расходи се планирани на ниво од 243 милијарди денари или се за 1,4%, односно 3,3 милијарди денари повисоки во однос на првично планираните расходи. Согласно тоа, буџетскиот дефицит изнесува 46,2 милијарди денари и бележи пораст за 165,6% во однос на првичниот финансиски план. Тој претставува 6,8% од годишниот БДП.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество имаат даночните приходи, кои со ребалансот се проектирани на ниво од 109 милијарди денари, што бележи намалување за 16,2% во однос на првичните проекции. Социјалните приходи како изворни приходи на фондовите се планирани на ниво од 63,4 милијарди денари, што бележи намалување за 5,4% во однос на првичните проекции. Останатите приходи се планирани на ниво од 24,4 милијарди денари, што бележи намалување за 2,4% во однос на првичните проекции.

Во структурата на тековните расходи со ребалансот на Буџетот, платите бележат пад од 0,4 милијарди денари, во најголема мера поради времено забранети нови вработувања, со исклучок во здравствениот сектор.

[15] Уредба со законска сила за изменување и дополнување на буџетот на МК за 2020 год. за време на вонредна состојба, Влада на МК (Службен весник на МК, бр. 126/20)

Графикон бр. 1:
Приказ на состојба на републички Буџет во 2020 година

Во Графиконот бр.1 се презентирани првичните проекции на вкупните приходи, вкупните расходи и на буџетскиот дефицит кој се очекуваше да биде реализиран до крајот на 2020 год. и нивните измени со ребалансот на Буџетот.



Извор: Министерство за финансии

Расходите за стоки и услуги бележат пад од 1,8 милијарда денари како резултат на домаќинско трошење во услови на вонредна состојба и справување со кризата. Тековните трансфери бележат пораст од 9,6 милијарди денари и се резултат на преземените низа економски мерки за справување со кризата, и тоа: финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор со цел исплата на плати за април и мај и мерка финансиска поддршка на лица кои вршат самостојна дејност; субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување во висина од 50%; финансиска поддршка на спортисти и самостојни уметници за април и мај во месечен износ од 14.500 денари; поддршка на туристичкиот сектор; финансиска поддршка за подобрување на здравствените капацитети, за ранливи домаќинства и паричен надоместок за оние кои ги загубиле работните места, обезбедена од Светска банка; финансиска поддршка за студенти и млади за промоција на дигитализација и ИТ вештини; финансиска поддршка за невработени лица, лица со ниски примања, социјално ранливи групи, студенти и млади; финансиска поддршка на приватниот сектор, индустрија и мали и средни претпријатија и национално кофинансирање за донација на ЕУ наменета за Развојната банка.

Ова сугерира дека трошоците се насочени кон потребите на луѓето мажите и жените кои се погодени од кризата поради намалена економска активност на субјектите каде што работат, како и во секторите најпогодени од кризата, како што се: спорт, забава и туризам. Колку мерките се родово одговорни во својот дизајн, сепак се оценува во следното поглавје, а кои се корисниците на овие мерки и буџетот распределен за нив се презентира во четвртото поглавје на студијата.

Со ребалансот на Буџетот, капиталните расходи се планирани на ниво од 19,5 милијарди денари и бележат пад од 4,2 милијарди денари во однос на првичниот финансиски план. Тоа е резултат на забавените инвестиционо-економски активности, стопирање на набавки кои се несуштински за справување со кризата. Заклучно со 31.06.2020 година, реализацијата е 4,42 милијарда денари, или околу 19,01%.

Многу разбирливо, поради здравствената криза, со ребалансот на Буџетот кај функционалните области има значителен пораст во областа здравството во износ од 10,6 милијарди денари, или за 27,6%, а најголемо намалување во одбраната во износ од 1,3 милијарди денари, или за 14,4%. Сепак, ребалансот на Буџетот за 2020 година ни покажува дека негова примарна цел е амортизирање на кризата по пат на приоретизирање области и имплементирање економски мерки. Главниот осврт во анализата го имаат пакетот економски мерки, кои се имплементираат со прецизирани цели, и тоа: финансиска поддршка, обезбедување ликвидност, задржување на работни места, реорганизација на даночна политика и субвенционирање на петте најпогодени сектори – угостителство, туризам, производство, транспорт и текстилна индустрија. Во истражувањето констатирано е дека пакетот-мерки насочени кон кризата изнесуваат околу 11,7 милијарди ден., од кои најголемо зголемување има кај буџетскиот корисник Фонд за здравствено осигурување и Влада на МК.

Анализа на приходи

Даночните приходи во првичниот финансиски план изнесувале 130,1 милијарди ден., а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 109 милијарди денари, што претставува намалување за 16,2%. Во ребалансот на Буџетот, даночните приходи имаат 55,4% учество во вкупните приходи за 2020 год.

Социјалните придонеси во првичниот финансиски план изнесувале 67 милијарди ден., а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 63,4 милијарди денари, што претставува намалување за 5,4%. Во ребалансот на Буџетот, социјалните придонеси имаат 32,2% учество во вкупните приходи за 2020 година.

Капиталните приходи во првичниот финансиски план изнесувале 2,2 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 2,1 милијарди денари, што претставува намалување за 4,5%. Во ребалансот на Буџетот, капиталните приходи имаат 1,1% учество во вкупните приходи за 2020 год.

Неданочните приходи во првичниот финансиски план изнесувале 17,3 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 17,1 милијарди денари, што претставува намалување за 1,2%. Во ребалансот на Буџетот, неданочните приходи имаат 8,7% учество во вкупните приходи за 2020 год.

Во оваа структура на приходи мажите како сопственици претставуваат 72,72% од вкупните сопственици, додека жените сè уште се во многу помал обем, т.е. 26,28% [16]. Иако структурата на даночната база е несразмерно поголема кај мажите, што лежи во фактот дека традиционално сопственоста на имотите се води кај нив, промените во буџетот на приходната страна не предизвикуваат дополнителни влијанија од родов аспект.

На Графиконот бр. 2 се презентирани првичните проекции на приходната страна од Буџетот за фискалната година и нивните измени со усвоениот ребаланс на Буџет.

Графикон бр. 2:
Приказ на приходната страна на Буџетот и ребаланс на Буџетот за 2020 година

Извор: Министерство за финансии

[16] Според Годишниот извештај за еднакви можности за 2019 година на Катастарот објавен на интернет https://www.katastar.gov.mk/wp-content/uploads/rodova_ednakvost/izvestai/Tabela_so_broj_i_procent_na_zapisani_prava_po_pol_i_po_katastarsko_oddelenie_2019.pdf, (последен пат пристапено на 15/01/2021)

Анализа на расходи

Платите и надоместоците во првичниот финансиски план изнесувале 30,6 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 30,2 милијарди денари, што претставува намалување за 1,2%. Во ребалансот на Буџетот, плати и надоместоци имаат 13,5% учество во тековните расходи за 2020 год. Во структурата на вработените во јавниот сектор жените учествуваат со 55%, додека мажите со 45% [17]. Промената во расходите на плати не е значителна и имајќи го предвид системот на плати во јавниот сектор, кој е утврден, не се очекува таа да има какво било влијание на родовата еднаквост.

Трансферите до ЕЛС во првичниот финансиски план изнесувале 21,4 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 21,3 милијарди денари, каде што има минимално намалување на средства. Во ребалансот на Буџетот, Трансферите до ЕЛС имаат 9,5% учество во тековните расходи за 2020 год. Фактот што само 21 општина имаат капацитет и прават родова интеграција на програми и општинскиот буџет [18], а останатите 74% од општините немаат ниту капацитет ниту го користат родовото одговорно буџетирање како алатка за правично распределување на јавните финансии за потребите на мажите и жените не овозможува да заклучиме дека овој вид расход во најголема мера доведува до намалување на родовиот јаз, напротив ја приоретизира потребата да се донесе упатство за тоа како се прави родова анализа и се дефинираат родови цели и индикатори, како и како се пополнува буџетскиот циркулар во кој е воведена програма X, која се однесува на родовата еднаквост [19].

Стоки и услуги во првичниот финансиски план изнесувале 20,6 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 18,8 милијарди денари, што претставува намалување за 8,7%. Во ребалансот на Буџетот, Стоки и услуги имаат 8,4% учество во тековните расходи за 2020 год. Родовата перспектива на овие трошоци ќе биде оценувана во поглавјето 3 на оваа анализа.

Субвенции и трансфери во првичниот финансиски план изнесувале 19 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 27,9 милијарди денари, што претставува зголемување за 46,8%. Во ребалансот на Буџетот, Субвенции и трансфери имаат 12,5% учество во тековните расходи за 2020 год. Родовата перспектива на овие трошоци ќе биде оценувана во поглавјето 4 на оваа анализа.

Социјалните трансфери во првичниот финансиски план изнесувале 116 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот изнесуваат 116,9 милијарди денари, што преставува зголемување за 0,9%. Во ребалансот на Буџетот, Социјалните трансфери имаат 52,4% учество во тековните расходи за 2020 год. Родовата перспектива на овие трошоци ќе биде оценувана во поглавјето 4 на оваа анализа.

Кај каматните плаќања со усвоениот ребаланс нема значителни промени. Тие имаат 3,7% учество во тековните расходи во ребалансот на Буџетот за 2020 год.

Според Графиконот бр. 3, презентирани се првичните проекции на тековните расходи од Буџетот и какви измени се направени со неговиот ребаланс.

[17] Според Годишниот извештајза податоците од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2019, достапен на интернет https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/2879, последен пат пристапено на 15/01/2021

[18] UN Women од 2014 година гради капацитети на општинско ниво за родово одговорно буџетирање. Во нивната програма со менторска поддршка се вклучени следниве општини: Аеродром, Битола, Богданци, Боговиње, Центар, Град Скопје, Гази Баба, Гостивар, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Куманово, Маврово и Ростуше, Новаци, Охрид, Штип, Струмица, Тетово, Велес, Свети Николе, Кочани и Крива Паланка

[19] Според препораките на ЦИКП изложени во студијата од 2020 година „Анализа на исполнувањето на индикаторот за одржлив развој цел 5.ц.1.“, достапна на интернет: https://gbwn.net/wp-content/uploads/2020/12/MAKEDONIJA_final.pdf (последно пристапено на 09/01/2020)

Графикон бр. 3:
Приказ на тековни расходи во Буџетот и ребаланс на Буџетот за 2020



Извор: Министерство за финансии

Според податоците поврзани со распределба на буџетски средства по области во првичниот финансиски план и ребалансот на Буџетот, настанати се промени со: Заштита на животна средина има намалување за 13,3%; Живеалишта и развој на заедницата има намалување за 9,8%; Рекреација, култура и религија има намалување за 9,3%; Одбрана има намалување за 14,4%; Јавен ред и мир има намалување за 4,7%; Општи јавни служби има намалување за 3,5%; Образование има намалување за 4,6%; Здравство има зголемување за 27,6%; Економски работи има намалување за 4,6%.

Карактеристично за кризата предизвикана од пандемијата е намалувањето на средствата во другите области за сметка на здравството. Потребите во здравството рапидно се зголемија за средства, лекови, плати, па и за изградба на ковид-центри за хоспитализација на пациенти.
Зголемувањето на платите се однесуваше на работниците кои се во првите редови во борбата против вирусот имаа најголем товар и како клучни работници кои мора да бидат физички присутни на работното место и притоа се најранливи на здравствените ризици и работат повеќе часови за да ги испорачаат услугите со зголемена потреба од нив, па на нив треба да им се посвети поголемо внимание и подобро вреднување на трудот.

Владата преку одлуките за надоместоци на одредени сектори или дејности индиректно влијае, меѓу другото, и на родовиот јаз. На пример: одлуката на Владата да се плати надоместок за прекувремена работа и за ноќни смени на безбедносните сили (во армијата и полицијата), каде што најмногу работат мажи, а тоа не е направено за целиот здравствен сектор (покачување на платите беше обезбедено само за лекар(к)ите, но не и за средниот медицински и друг кадар во здравствениот сектор), каде што најмногу работат жени, е причина за создавање нов родов јаз. Едно рационално донесување на одлука за плаќање надоместок би ги зело предвид различните степени на подложност на ризик во самите професии и институции. Лицата кои имаат контакт со поединци кои се сомневаме дека се заразени во најризична категорија и би требало соодветно да се наградат. Секако дека критериуми како чест контакт со поголем број лица на затворен простор се побитни од редок контакт со помал број на лица. Не е исто да се работи во ковид-центри и во патрола на гранична полиција. Степенот на ризик е многукратно поголем кај првите лица. Кариерната позиција, односно работното место во рамките на организациите кои имаат контакт со поголем број лица на затворен простор исто така треба да се земе предвид. Правникот во здравствената институција има помалку контакти отколку медицинската сестра. Лицата кои работат на шалтер за издавање документи во рамките на Министерството на внатрешни работи имаат почести контакти со странки од сообраќајните полицајци. Учителите во првите три години од основно образование се во постојан контакт со деца, односно преку нив со родителите. Тие имаат поголемо ниво на контакт отколку хигиеничарите. Владата треба да размисли и за поддршка на компании кои се од есенцијална важност за здравјето и економијата, како на пример: тие што произведуваат, процесираат или продаваат храна, лекови и здравствени материјали неопходни за борба со епидемијата. Без да одиме понатаму во детални анализи за оваа проблематика, проценуваме дека во овие дејности бројот на жени е поголем од бројот на мажите.

Иако со претходната одлука се потврдува потребата да се оддаде признание за работата и придонесот кој го даваат жените во војската и полицијата, третиот пакет-мерки кој го објави Владата, до одредена мера се однесува и на здравствените работници, но сè уште се прави анализа кој треба да биде вклучен од оние кои се најзасегнати, како што е Клиниката за инфективни болести, центрите за јавно здравје и други ковид-19 центри, во однос на покачување на платите, и покрај тоа што Владата веќе ги зголеми платите на здравствените „професионалци“.

Сепак, и покрај ваквите заложби, од интервјуата со жените кои се ангажирани во првите редови во здравствениот сектор, и особено во лабораториите каде што се врши тестирање за ковид- 19, се дознава дека не само што не се стимулирани со дополнителен бонус, туку немаат добиено ни основна плата за последните три месеци од кризата.

„Системот за исплата на плати треба да се коригира и да ги отсликува активностите и одговорностите на луѓето на нивните работни места, како и ризикот да бидат инфицирани на работното место. Системот за исплата на плати не треба да се заснова само на позицијата, годините работен стаж и образованието бидејќи луѓето почнуваат да се чувствуваат дека се дискриминирани”. [20]

Графикон бр. 4:
Расходи по функционални области во Буџетот и ребаланс на Буџетот 2020 година



Извор: Министерство за финансии

Според податоците поврзани со распределба на буџетски средства по владини програми во првичниот финансиски план и ребалансот на Буџетот, настанати се промени: вметнување нова програма со назив – Мерки за справување со КОВИД-19 криза, која според усвоениот ребаланс на Буџетот изнесува 11,7 милијарди ден.; програмата Јакнење на владеење на правото е намалена за 50%; програмата Регионален развој е намалена за 20%; програмата Инвестиции во образование е намалена за 12,5%; програмата Унапредување на одбраната и безбедноста е намалена за 55,6%;

[20] ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите

програмата Мерки за намалување на сиромаштија е намалена за 13,2%; програмата Интеграција во ЕУ е намалена за 4,3%; програмата Економски развој е намалена за 25% и програмата Децентрализација е намалена за 0,5%.

Извесно е дека со распределбата на буџетските средства намалени се износите на владините програми за сметка на новата програма од која треба да се финансираат Мерките за справување со ковид 19. Владините програми претставуваат збир на активности преку кои се презентираат приоритетите на Владата кои буџетските корисници ги операционализираат согласно своите надлежности. Од тој аспект тие немаат изразена родова компонента и нивната промена нема големо влијание, односно промена од постоечката.

Во Графиконот бр. 5 се презентирани податоци за првично распределените буџетски средства по владини програми за фискалната 2020 година и какви измени и дополнувања имаат настанато во усвоениот ребаланс на Буџетот.

Графикон бр. 5:
Приказ на буџетски средства по владини програми за 2020 година



Извор: Министерство за финансии

Конечно со усвоениот ребаланс на Буџетот, капиталните расходи се намалени од 23,7 на 19,5 милијарди денари и бележат пад за 4,2 милијарди денари, односно се намалени за 17,7%. Тоа претставува резултат на забавени инвестициони активности и стопирање на набавки кои не се суштински за справување со здравствено-економската криза. Реализацијата заклучно со 31.05.2020 година изнесува 3,6 милијарди денари или околу 18,6% според усвоениот ребаланс на Буџетот. Во Графиконот бр. 6 се презентирани податоци за реализацијата на капитални расходи во првичниот финансиски план за 2020 година, какви измени има со усвоениот ребаланс на Буџетот и каква е реализацијата пред неговото донесување.

Графикон бр. 6:
Приказ на капитални расходи за 2020 година



Извор: Министерство за финансии

2

Родово одговорни мерки и буџети

Во рамките на напорите на државата досега беа донесени 5 пакети-мерки. Сепак, согласно временскиот период за кој се прави оваа анализа (заклучно со јули 2020 година), во неа се земени предвид првите три пакети-мерки донесени од Владата. При анализата на усвоените мерки и соодветно на нивната буџетска алокација за нивно спроведување како одговор на кризата предизвикана од sars-cov-2, се користи методот на СЗО за класифицирање на мерките според степенот на нивна родова сензитивност, или колку мерката го зема предвид родовиот аспект во својот дизајн. Според оваа методологија, мерките се категоризираат како родово негативни, родово неутрални, родово сензитивни, родово позитивни и родово трансформативни. Презентација на родовата анализа на мерките се прави со употреба на таканаречен Родов семафор за секоја од мерките, при што родово негативните и родово неутралните мерки се обележани со црвена боја, родово сензитивните со портокалова, родово позитивните со жолта, додека родово трансформативните со зелена боја.

Овој дел од анализата се темели на Анализата на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите, изработена од ЦИКП за ОБСЕ мисијата во Скопје. Анализата ги дели мерките на: мерки за здравствена заштита, сексуални и репродуктивни права и грижа, мерки за економско закрепнување и егзистенција и мерки за социјална заштита и пазар на труд. Според оваа анализа, при дизајнирањето на мерките за одговор на кризата која е создадена како резултат на ковид-19, родовата перспектива само спорадично е земена предвид, или само во исклучителни случаи. Иако сите мерки имаат родова димензија и неизбежно и различни импликации за жените и мажите, проценатa на ЦИКП во анализата за ОБСЕ покажува дека родовата перспектива е позастапена кај некои за разлика од други мерки. Од 46 анализирани мерки во врска со кризата со ковид-19 кои може да имаат родова димензија, само 14 од нив може да се смета дека се родово позитивни, а 2 се родово трансформативни, а тоа е само 35 % од сите мерки. [21]

Тоа значи дека најголемиот број од мерките се родово неутрални, односно дека при планирање на мерката/програмата, родот не се зел предвид или се сметал дека е неважен за постигнување на целите. Анализата на ЦИКП за мисијата на ОБСЕ не утврдува ниту една родово негативна мерка, односно дека која било од мерките поттикнува родово базирани нееднаквости со својата имплементација. Оние пак кои се обележуваат како родово неутрални мерки, анализата бара да се оценат по реализацијата заради тоа што предвидува дека влијанијата на мерките може да имаат родова димензија зависно од тоа кои се корисниците. Затоа оваа анализа во поглавје 4 ги презентира резултатите од спроведувањето и според корисниците на мерките, заклучува како влијаат тие на родовата еднаквост.

[21] ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите, Скопје јануари 2021

Табела 1: Родово неутрални мерки за справување со ковид -19 според дизајнот на мерката

Пакет мерки	Мерки
Ликвидност на државниот буџет	Отворање солидарен фонд за ковид-19 за примање донации
Здравствена заштита, сексуални и репродуктивни права и грижа	Итна набавка на 200 респираторни машини
Економско закрепнување и егзистенција	Даночни ослободувања и намалувања, ослободување од износот на аконтациите на данокот на добивка за март, април и мај 2020 година Укинување на царинските давачки за медицинска опрема Гаранција за обезбедување царински долг за да се поддржува извозот во вкупна вредност од 3 милиони евра
Финансиска поддршка за компаниите и заштита на ликвидноста	Обезбедување 50 % од трошоците за придонеси за вработените за април, мај и јуни 2020 година (до 50 % од просечната плата) Обезбедување 14.500 денари по вработен за април и мај 2020 година за сите компании Бескаматни кредити во износ од 13,7 милиони денари преку Развојната банка на Северна Македонија за микро, мали и средни претпријатија од најпогодените сектори Обезбедување заеми во износ од 50 милиони евра со ниска каматна стапка од околу 1,5 % преку Развојната банка на Северна Македонија и Европската инвестициска банка за мали и средни претпријатија преку комерцијалните банки Туристичките агенции се обврзани да издаваат ваучери за откажани аранжмани со траење до 31.12.2021 година Преземање дел од кредитниот ризик за стартапи и мали и микрокомпании преку комерцијалните банки во износ од 10 милиони евра почетен капитал за полесен пристап до финансиски ресурси Финансиска поддршка во износ од 25 милиони евра за јакнење на конкурентноста на компаниите за освојување нови пазари и модернизација на процесите Поддршка за развој на домашни стартап производи и услуги преку Фондот за иновации и технолошки развој во износ од 1,6 мил. евра Кофинансирање на настани и конференции со 50 % финансиска поддршка од државата во износ до 30.000 денари
Заштита на животниот стандард	Овозможување на банките, финансиските компании и лизинг компаниите да ги репрограмираат заемите Намалување на каматната стапка, запирање на извршувањето и забрана за отворање стечајна постапка Финансиска поддршка за спортистите во износ од 14.500 денари во април и мај 2020 година
Стимулирање на потрошувачката и ревитализација на економијата	Платежна картичка од 3.000 денари за млади луѓе за купување домашни производи и услуги Ваучер од 30.000 денари за кофинансирање на обуки и курсеви за ИТ и дигитални вештини за млади луѓе Финансиска поддршка за студенти во износ до 6.000 денари за покривање на школарина за студирање на универзитетите и за сместување во студентските домови Викенд без ДДВ за сите граѓани во одредени продажни сектори
Поддршка за земјоделството	Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија кои вршат примарно производство, преработка и извор на примарни и преработени земјоделски производи Платежна картичка за субвенционирање на 50 % од зелената нафта (за 50.000 земјоделци) во износ од 4,6 милиони евра Стимулирање на преработувачите на грозје и винариите да произведуваат алкохолен дестилат кој ќе се користи од страна на домашните хемиски компании за производство на средства за дезинфекција во вредност од 3,5 милиони евра за период од три години Долгорочен закуп на пасишта, окрупнување на земјоделското земјиште за поголема конкурентност на македонското земјоделство Воведување програма за финансирање на микроземјоделски претпријатија во износ од 3 милиони евра Мерки за модернизација на земјоделството преку заем од Светска банка во износ од 50 милиони евра
Наменски мерки за ранливи групи, социјална солидарност и социјална кохезија	Одложено плаќање на станарината за социјално домување; воведување енергетски додаток во износ од 1.000 денари за април и мај 2020 година

Пет од мерките се категоризирани како родово сензитивни поради тоа што го вклучуваат родот како неизбежна компонента при постигнување на целите на мерката/програмата. Мерките индиректно влијаат да се намали социјалниот ризик за ранливите жени и други категории на граѓани кои на различни начини се на „раб“ да опстанат. [22]

Табела 2: Родово сензитивни мерки за справување со ковид-19 според дизајнот на мерката

Пакет мерки	Мерки
Заштита на животниот стандард	Замрзнување на цените на основните производи.
Социјална заштита и пазар на труд	Брз влез во системот за социјална заштита за лица кои биле дел од неформалната економија и останатите за да добијат минимална гарантирана помош врз основа на вкупните приходи на сите Членови на семејството пресметано за последниот месец наместо за последните 3 месеци. Асистенција за лицата со попреченост и постарите лица во 27 општини за полесно справување со кризата и вклучување на 200 невработени лица како даватели на услуги. Финансиски надоместок во износ од 50 % од просечната месечна нето-плата за вработените исплатени во последните 24 месеци. Невработено лице кое било вработено во континуитет во последните 9 месеци или 12 месеци со прекини во последните 18 месеци пред прекинување на вработувањето има право на финансиски надоместок.

Извор: ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите

Анализата на влијанијата на ковид-САРС-19 вклучува десет од мерките во категоријата на родово позитивни мерки бидејќи во нив полот се смета за клучен во постигнувањето на целите на мерката/програмата и родовата анализа претставува еден од главните параметри во планирањето и донесувањето на мерките. Имено, истражувањето спроведено од страна на ЦИКП покажа дека овие мерки креаторите на политики ги сметаат за родово сензитивни, односно дека користеле родова анализа во нивниот развој или специфично предвиделе жени како ранлива група корисници на мерките. [23]

22 Ibid
23 Ibid

Табела 3: Родово позитивни мерки за справување со ковид-19 според дизајнот на мерката

Пакет мерки	Мерки
Здравствена заштита, сексуални и репродуктивни права и грижа	Зголемување од 20 % на платите на медицинскиот кадар кој е вклучен во борбата против ковид-19 за период од два месеца.
Економско закрепнување и егзистенција	Ослободување од износот на аконтациите на данокот на личен доход за март, април и мај 2020 година, за даночни обврзници кои остваруваат приходи од хонорарна работа во одредени дејности.
Финансиска поддршка за компаниите и заштита на ликвидноста	Дигитална платформа за новите пазари за текстилните компании со финансиска поддршка од 1 милион евра.
Заштита на животниот стандард	Паричен надоместок за граѓаните кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020 година.
Ликвидност на државниот буџет	Претседателите и членовите на управни и надзорни одбори нема да добиваат надоместок. Планиран заем од 580 милиони евра од странски кредитори, со родова димензија. Платежна картичка во износ од 9.000 денари за купување македонски производи и услуги за невработените, граѓаните со ниски приходи и примателите на гарантирана минимална помош.
Стимулирање на потрошувачката и ревитализација на економијата	Ваучер за домашен туризам од 6.000 денари и домашна платежна картичка од 3.000 денари за граѓани со нето-плата помала од 15.000 денари.
Поддршка за земјоделството	Јавно-приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор.
Социјална заштита и пазар на труд	Продолжување на породилното отсуство до истекот на привремените мерки за заштита од ковид-19 и негово спречување на ширење.

Извор: ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите

Конечно анализата на ОБСЕ за влијанието на ковид-САРС-19 на родот и различностите како родово трансформативни препознава само две интервенции кои одговараат на основните причини за постоење на родовиот јаз, а со тоа овозможуваат системска и одржлива трансформација на односите меѓу мажите и жените, како и унапредување на родовата еднаквост. Мерките се однесуваат на давање заеми на компании кои се основани од жени и вработуваат млади луѓе и воведуваат иновации и дигитализација во нивното работење бидејќи ги опфаќа родовите норми, улоги и релации меѓу жените и мажите и дека тие влијаат на пристапот до и контролата врз ресурсите и овозможуваат трансформација на тие улоги со тоа што овозможуваат пристап до финансии . Втората мерка овозможува пристап до правото на детски додаток и ја подобрува материјалната состојба на ранливите семејства, особено на самохраните мајки.

Табела 4: Родово трансформативни мерки за справување со ковид-19 според дизајнот на мерката

Пакет мерки	Мерки
Финансиска поддршка за компаниите и заштита на ликвидноста	Бескаматни заеми за микро и мали претпријатија преку Развојната банка на Република Северна Македонија во вредност од 31 милион евра, вклучувајќи и 30 % неповратни средства за компании кои ги водат или се основани од жени или вработуваат млади луѓе, вршат извоз или воведуваат иновации и дигитализација во работењето;
Наменски мерки за ранливи групи, социјална солидарност и социјална кохезија	Олеснет пристап до правото на детски додаток и продолжување на рокот за поднесување барања за еднократна помош за новороденче, за остварување и продолжување на правото на родителски додаток за трето дете, за продолжување на правото на родителски додаток за четврто дете.

Извор: ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите

Учество во креирањето на мерките со кои се одговара на ковид-19

Имајќи предвид дека состојбите беа и се сложени, сепак можеме да искоментираме дека недостасуваа пошироки консултации освен со бизнис-секторот, со оглед на тоа дека најголем број средби од страна на владини претставници беа одржани со бизнис-секторот. Спротивно на тоа, се следеше процедура според која одлуките се подготвуваа, се презентираа на прес-конференција и потоа се усвојуваа.

Доколку ригорозните мерки од почетокот на кризата беа комбинирани со поширок опфат на општествена соработка, односно одговорноста да се доделеше на поединецот, немаше да има такво влошување и опаѓање на социјалната кохезија, особено со порастот на бројот на случаи заразени со ковид-19, коешто доведе до поларизација на општеството на три основи: политички, верски/етнички и залагање за либерализација наспроти залагање за забрани [25]. Дотолку повеќе што нашето истражување покажа дека речиси и да немало консултации со женските организации при подготовката на мерките.

За потребите на оваа анализа претходно беа разработени мерките кои имаа најголемо влијание на целната група и, секако, врз буџетот. Во овој дел фокусот ќе биде ставен на процедурите, консултациите и транспарентноста, по кои се дизајнирани и донесени мерките од аспект на родовото буџетирање.

За анализа на проценката на квалитетот на креирањето на мерките, транспарентноста и степенот на учество во процесот на нивно создавање во справувањето со ковид-19 направена е анкета на 43 испитаници, со претставници на граѓанските организации. Во понатамошниот дел на оваа глава ќе се осврнеме на заклучоците од анкетата и коментарите добиени од испитаниците.

Секако дека сите коментари дадена во оваа анализа треба да се земат во контекст на кризата и итноста со која се носеа мерките. Владата во овој случај беше водена од повеќе комплементарни и дивергентни цели во исто време. Целите беа да се заштити здравјето и животот на граѓаните, да се намали економско-социјалното влијание на кризата и да се продолжи со животните активности во мера колку што е можно. Одлуките и изборите кои беа направени не секогаш беа базирани на доволен број информации поради нивниот недостаток и, секако, без искуство во исти и слични ситуации. Иако размерот и големината на оваа пандемија досега се без преседан, сепак генерално мислење е дека кризата само ги потенцираше и ги направи повидливи проблемите при креирањето на мерките и родовиот аспект -„*Според нас Владата презема ад хок мерки без да ги согледа во целост потребите на мажите и жените, бизнис-секторот и другите сектори. Многу средства се потрошија без соодветен концепт и не резултираа со значителни позитивни надминувања на кризата. Голем пропуст беше направен и со доделување на средства од Владата за граѓански организации, каде што во 48 часа беа „разгледани“ над 520 апликации и донесена одлука за распределба на средства итн.*“

Од интервјуата со институциите, прашалникот и добиените информации, генерален впечаток е дека мерките се дизајнирани и спроведени без да се има предвид аспектот на родово одговорно буџетирање. Тука во најголем дел се мисли првично дали во целната група за која се дизајнира мерката подеднакво се застапени двата рода и дали на крајот бројот на корисници дали е еднакво застапен. Имено апсолутно мнозинство од невладините организации (53.7% и 29.3% комбинирано) сметаат дека жените воопшто на биле консултирани или доколку биле таквите консултации биле незначителни. Мислењето е дека „мерките треба да се родово посензитивни , во смисла да се истражи што е она што повеќе им е потребно на жените, а што на мажите, а не да се стават во ист кош бидејќи се различни потребите и предизвиците“.

[25] ФЕС (2020) DEMOCRACY AND THE STATE OF EMERGENCY Easing Measures and Rising Tensions in the Struggle with the Corona Crisis in the Western Balkans, Croatia and Slovenia, достапно на интернет : http://library.fes.de/pdf-files/bueros/belgrad/16286.pdf. (последен пат пристапено на 09/01/2021)

Оттука произлегуваат и останатите специфични влијанија кои ги имаат јавните политики генерално, но секако изразено и во сегашната состојба. Тие во суштина немаат изолирано влијание само на целните групи кон кои се насочени, туку влијаат и на многу поширока група директно или индиректно со промената на условите. Во оваа насока се и најголем број коментари за мерката која најмногу влијаела да се зголеми родовиот јаз и асиметрично да паднат обврските на жените, односно 34,9% сметаат дека мерките воопшто не биле во согласност со потребите на мажите и жените, а дополнителни 53,5% сметаат дека само делумно.

Графикон 7:
Дали мерките за одговор на кризата од ковид-19 беа консултирани со жени кои се потенцијално погодени од кризата?
41 Испитаници



Недостатокот на широк консултативен процес, дури ни со граѓанските здруженија кои се посветени на родовата еднаквост, доведе до зголемување на родовиот јаз. На прашањето дали Владата на Вашата организација и овозможува да даде придонес кон мерките кои одговорија на кризата предизвикана од ковид-19, 58,1% одговориле дека воопшто не биле вклучени и 23,3% малку вклучени. Типичниот одговор од нив е „*Владата мерките ги донесе без какви било јавни или транспарентни консултации со граѓанските организации или пак со граѓаните. Се кратеа буџетски линии, ставки без да се има сензитивност врз различните потреби на мажите и жените, јавноста воопшто не се консултираше*“.

Иако потребата од итна реакција и носење мерки во многу куси рокови во услови на вонредна состојба е првенствена, сепак мерките не треба да доведат до нееднаков третман или зголемување на јазот меѓу мажите и жените или меѓу ранливите групи граѓани и останатата неранлива популација. Затоа е особено важно жените кои може да бидат повеќекратно дискриминирани заради друга состојба во која биле (социјална, економска, физичка попреченост и слично), да бидат специфично земени предвид во развојот на мерките за мерките да не влијаат непропорционално негативно на нив. „*Неопходно е да се создаде Стратегија за справување со кризни состојби за жени од специфични категории, мултиплицирано дискриминирани и категории на жени кои досегашните политики ги игнорираат, како што се самохраните мајки и еднородителските семејства*“.

Оттука се наметнува заклучокот дека процесот на развој на мерки и алокацијата на јавните финансии за нивната реализација спроведен за време на ковид-19 не придонесува кон креирање на сеопфатни, родово одговорни и целисходни решенија. Затоа Анализата на влијанието на ковид-19 на родот и различностите препорачува „секоја политика која ја креира Владата/Собранието да биде транспарентна, да се заснова на родова анализа и да содржи оправданост, процена на трошоците и придобивките и очекуваните ефекти, оценувајќи ги влијанијата на мерките врз сите подгрупи на жени (жени со попреченост, повозрасни жени, самохрани мајки, жени од етничките немнозински заедници, жени од руралните средини итн.)”. [26]

Антикризните тела на централно и на локално ниво придонесуваат кон креирање на самите мерки, а понатаму и нивно спроведување, но недостатокот е во невклученоста од претставници на граѓанскиот сектор, со што оние кои директно се во контакт со засегнатите, се исклучени од самите процеси.

Графикон 1:
Дали мислите дека реакцијата на Владата за ковид-19 беше во согласност со најголемите потреби на жените и мажите?
43 испитаници



Овозможувањето на поширокаата јавност и претставниците на граѓанските здруженија кои работат на родовата рамноправност да се вклучат во дизајнирањето и креирањето на итните политики е корисно, со што тие поцелисходно ќе ги одразуваат потребите на сите граѓани. Жените треба да бидат членки на кризните штабови и да бидат консултирани при подготовката на мерките преку консултација со женски групи/организации и преку вклучување на координаторот за еднакви можности во креирањето политики. Владата и општините треба да воспостават подобра соработка со граѓанскиот сектор, кој може да го пренесе гласот на ранливите групи во процесот на носење одлуки, како и долгогодишните искуства и експертиза за социоекономските аспекти, во заложбите за справување со вирусот.

[26] ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-CAPC-19 на родот и различностите, Скопје јануари 2021

3

Родово одговорно управување со јавните финансии и јавните набавки за ковид-19



Согласно итноста и природата на пандемијата, државните институции почнаа да набавуваат средства за заштита од заразата. Станува збор за јавни набавки што не беа планирани и што требаше да се спроведат итно и без одложување, поради што наместо редовните постапки за јавни набавки, државните институции почнаа да ја применуваат постапката со директно преговарање без објавување оглас, а согласно членот 55 став (1) г од Законот за јавните набавки: „...доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. Околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се припишат на договорниот орган.“ [27]

Иако за набавките што се спроведуваат со постапката со преговарање без објавување оглас треба да се добие претходно мислење од Бирото за јавни набавки, сепак, некои од овие набавки се спроведуваа директно, без претходно обезбедено такво мислење, а согласно член 55 став (6), којшто предвидува дека: „По исклучок на ставот (5) од овој член, договорниот орган нема обврска да добие претходно мислење пред да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување оглас врз основа на став (1) точка г) од овој член доколку директно се загрозени безбедноста, животот и здравјето на луѓето.“ Поради ова, Бирото за јавни набавки издаде известување до договорните органи на 17 март 2020 година со кое ја потврди погоре опишаната состојба: „Ги известуваме сите договорни органи кои треба да извршат набавки во постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност дека набавките кои се директно поврзани со епидемијата од вирусот ковид-19 можат да ги реализираат без претходно да бараат мислење од Бирото за јавни набавки, согласно членот 55 став (6) од Законот за јавните набавки, а со цел потребите да се задоволат во најкус можен рок без какво било одлагање. Потребно е причините соодветно да се образложат во одлуката за јавна набавка. Останатите барања за мислење согласно член 55 став 5 од Законот за јавните набавки треба да се доставуваат по пошта до архивата на Бирото.“ [28]

Според Центарот за граѓански комуникации, дури за 39 % од договорите за итни набавки се преговарало само со една фирма, а во март, со преговори само со една фирма завршиле дури 63 % од договорите за итни набавки. Дури за 68 % од договорите склучени по итна постапка без оглас, институциите го прекршиле Законот за јавни набавки со тоа што не ги објавиле известувањето дека склучиле договор и самиот договор во законскиот рок од десет дена по склучувањето на договорот. Постапката со преговарање без оглас е најмалку транспарентна постапка, а итните набавки со себе носат уште поголем ризик од корупција што доведе да се создаде перцепција за нетранспарентно спроведување на јавните набавки за ковид-19. Ако имаме предвид дека Светска банка во Анкетата на претпријатија за 2019 година утврдува дека на компаниите водени од жени повеќе им се бара мито и се предмет на корупција, може да се претпостави дека практиката на јавни набавки за време на ковид-19 ги прави компаниите водени од жени поранливи на корупција. Истражувањето на јавното мислење на граѓанските организации што го направи ЦИКП го покажува токму тоа. Имено, во најголем дел, односно 48,8% од граѓанските организации сметаат дека набавките биле нетранспарентно направени, а дополнителни 23,3% изјавиле дека понекогаш биле нетранспарентно направени.

Според Центарот за граѓански комуникации, дури за 39 % од договорите за итни набавки се преговарало само со една фирма, а во март, со преговори само со една фирма завршиле дури 63 % од договорите за итни набавки. Дури за 68 % од договорите склучени по итна постапка без оглас, институциите го прекршиле Законот за јавни набавки со тоа што не ги објавиле известувањето

[27] Закон за јавни набавки, Службен весник на Република Македонија бр. 24/2019, достапно на интернет: https://dkzjn.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/Sluzben%20vesnik%20na%20RM%2024-2019.pdf (последен пат пристапено на 15/01/2021)

[28] Центар за граѓански комуникации (2020) Јавните набавки за време на корона во Северна Македонија: Како беше и што може да се прави во иднина? Достапно на итернет: https://ccc.org.mk/images/stories/pbcovid-19mk.pdf (последен пат пристапено на 15/01/

дека склучиле договор и самиот договор во законскиот рок од десет дена по склучувањето на договорот.[29]

Постапката со преговарање без оглас е најмалку транспарентна постапка, а итните набавки со себе носат уште поголем ризик од корупција што доведе да се создаде перцепција за нетранспарентно спроведување на јавните набавки за ковид-19. Ако имаме предвид дека Светска банка во Анкетата на претпријатија за 2019 година утврдува дека на компаниите водени од жени повеќе им се бара мито и се предмет на корупција, може да се претпостави дека практиката на јавни набавки за време на ковид-19 ги прави компаниите водени од жени поранливи на корупција. Истражувањето на јавното мислење на граѓанските организации што го направи ЦИКП го покажува токму тоа. Имено, во најголем дел, односно 48,8% од граѓанските организации сметаат дека набавките биле нетранспарентно направени, а дополнителни 23,3% изјавиле дека понекогаш биле нетранспарентно направени.

Графикон 2.
Според ваше мислење, дали јавните набавки во оваа вонредна состојба беа транспарентни?
43 Испитаници



Само една граѓанска организација спровела мониторинг на јавните набавки, но кон процесот на јавна контрола придонесува алатката за фискална транспарентност со која се овозможува увид во сите информации за средствата кои се слеваат и се трошат од Буџетот, како и евиденција на сите нефинансиски донации добиени како помош, а се наменети за справување со кризата од ковид-19 Сепак, оваа алатка е промовирана дури во јуни, кога и Владата донесе заклучок со кој го задолжи Бирото за јавни набавки да го промени модулот за известување за склучен договор за да им овозможи на институциите да бележат дека станува збор за набавки поврзани со КОВИД-19, а потоа системот да ги експонира тие податоци автоматски на интернет-страницата за фискална транспарентност. [31]

Забележително е и дека властите не ја употребија можноста за поставување на социјални критериуми за јавни набавки, а меѓу нив и родова рамноправност при избор на економски најповолната понуда. Тоа покажува дека родовата еднаквост системски не се применуваше во јавните набавки во периодот март - јули 2020 година.

Од почетокот на март до крајот на октомври 2020 година склучени се вкупно 523 договори преку постапката со преговарање без објавување оглас, во вредност од 500 милиони денари, или 8,1 милиони евра преку договори за итни набавки со вкупно 204 фирми. Центарот за граѓански комуникации забележува дека дури 42 % од вкупната вредност на договорите им припаѓа само на пет фирми.[32] Во табелата долу се презентирани компаниите со кои се склучени договори со најголема вредност.

[29] Истото

[30] https://finansiskatransparentnost.koronavirus.gov.mk/#/payments-details

[31] Заклучок на Владата од 26 мај, 2020 достапно на интернет: http://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Izvadok-57-ma-sednica-na-Vlada.pdf, последен пат пристапено на 15/01/2021

[32] Центар за граѓански комуникации (2020) Јавните набавки за време на корона во Северна Македонија: Како беше и што може да се прави во иднина? Достапно на интернет: https://ccc.org.mk/images/stories/pbcovid-19mk.pdf (последен пат пристапено на 15/01/2021)

За да направиме родова анализа, односно да оцениме дали компаниите водени од жени имаат еднаков пристап и корист од средствата определени за справување со ковид-19 и дали преку јавните набавки се промовира родовата еднаквост, направивме преглед на договорите со највисока вредност и утврдивме кој управува со овие компании. Од анализата на договорите со највисока вредност може да се заклучи дека имаме родов баланс помеѓу добавувачите на стоки и услуги преку јавните набавки во периодот март- јули, 2020 година.

Табела 5: Компании со највисока вредност на договори на јавни набавки според полот

Претпријатие	Пол на управител	Мерки
Биотек ДОО Скопје	Ж	Анкица Синадинова Базерко [33]
Гифти текс ДООЕЛ Прилеп	М	Горан Илијоски [34]
Соникс Анастасија ДООЕЛ Скопје	Ж	Весна Дудевска [35]
Лиса-ком ДООЕЛ Кавадарци	М	Стојан Митров [36]
Алкалоид АД Скопје	М	Живко Мукаетов [37]

Во анализата на управувањето со јавните финансии во периодот на ковид-19 многу значајна алка е отчетноста. И покрај транспарентноста во однос на трошењето и набавките која настапи по јуни 2020 година, Министерството за финансии продолжи да објавува извештаи за извршување на буџетот без притоа засебно да известува за извршувањето на буџетот наменет за справување со ковид-19. Само Агенцијата за млади и спорт на својата страница го имаше објавено извештајот кому му исплатиле средства за поддршка во справувањето со ковид-19. Сите останати институции не објавуваат вакви извештаи. Извештаите се значајни за доброто владеење и потребно е тие да вклучуваат родова перспектива, односно да даваат преглед колку мажи, односно жени имале корист од мерките спроведени од страна на институциите.

За отчетноста е важна и улогата на Државниот завод за ревизија, кој исто така нема објавено извештај за 2020 година во кој е вклучена ревизија на трошење на средствата и постапките кои се дел од мерките за финансиска поддршка за надминување на последиците од здравствено-економската криза предизвикана од ковид 19. Сепак, во програмата за работа на Државниот завод за ревизија за 2021[38] година како критериум за избор на субјекти кај кои ќе биде спроведена ревизија се земени субјектите кои спроведуваат мерки за финансиска поддршка за надминување на последиците од здравствено-економската криза предизвикана од ковид 19. Планирани се 4 ревизии од овој тип од вкупно планираните 71 ревизија. Согласно Правилникот за начинот на вршење на ревизија[39], во ревизијата на успешност, родовите индикатори и родовиот аспект сè уште не се предмет на вршење ревизија и тие не можат да се најдат во досегашните извештаи од извршените ревизии.

[33] https://m.facebook.com/bioteklaboratory/photos/a.1721028081487564/2594871864103177/?type=3&source=57&__tn__=EH-R

[34] https://www.publikum.mk/humanosta-na-delo-gifti-teks-kompanija-koja-ja-podrazbudi-sovesta-na-opshtestvoto/

[35] https://fokus.mk/kumashinot-na-protuger-krka-tenderi-vo-tetovskata-bolnitsa/
https://e-nabavki.gov.mk/File/DownloadContractFile?fileId=33b46784-fa9f-474e-9b11-c9a2950196c2

[36] https://e-nabavki.gov.mk/File/DownloadContractFile?fileId=53a79496-bf38-4611-9313-2bded1f34bca

[37] https://alkaloid.com.mk/upraven-odbor.nspx

[38] https://dzr.mk/sites/default/files/2020-12/Godisna_programa_za_rabota_DZR_2021.pdf

[39] https://dzr.mk/sites/default/files/Pravilnik_za_vrsenje_drzavna_revizija_Sluzben_vesnik_RSM_broj_264_05_11_2020.pdf

4

Влијание на одговорот на ковид-19 на родовата еднаквост

Преземените мерки за одговор на ковид-сарс-19 во најголем дел беа со општ опфат, што доведе тие да влијаат диспропорционално на одредени ранливи групи граѓани[40]. Како резултат на процесот на подготовка на мерките, во кој не се следела проценатa на влијанијата врз ранливите групи, ниту се правела оценка на нивната пропорционалност и неопходност, како што налага и Европската конвенција за човекови права и Уставот[41], некои од одлуките имаа интерсекциски и дискриминациски ефект кон одредени социјални групи: како на пример: лица постари од 67 години и лица помлади од 18 години, лица со попреченост, самохрани родители како и ранливи групи, жени како на пример: жртви на насилство[42]. „*Мерките воопшто не беа родово сензитивни, односно не се однесуваа подеднакво и на мажите и на жените, туку беа општи и генерални, па кој се пронајде се пронајде, кој не никому ништо*“ [43].

Кризата ја погоди македонската економија и влијаеше со силен пад на БДП, рекордни нивоа на задолжување и раст на бројот на невработени. Меѓународниот монетарен фонд и Владата предвидуваат негативен раст на БДП помеѓу 4,4% и 5,4% [44] за 2020 година, во услови на рекорден буџетски дефицит од 920 милиони евра, односно 8,4% од БДП [45]. Со новите задолжувања како резултат на антикризниот пакет-мерки, јавниот долг на државата ќе порасне за повеќе од 10 процентни поени за една година, односно на ниво повисоко од 60% [46].

Ваквиот пад на економијата подразбира и значителни промени во расположливиот доход на граѓаните, кој според проценка на Институтот за економски истражувања и политики – „Фајненс тинк“, ќе се движи помеѓу -5,3% и -8,9%[47]. Овој пад во расположливиот доход ќе значи и зголемување на стапката на релативна сиромаштија (60% од медијален еквивалентен доход) за 1,2%, од 22,5% на 23,5%, како последица на пандемијата, односно втурнување на нови 25.000 лица во сиромаштија [48]. Најновите достапни проценки од Светска банка од пролетта покажуваат и полоши сценарија. Тие проценуваат дека кризата ќе го избрише напредокот постигнат во последните 5-8 години, односно стапката на апсолутна сиромаштија според прагот 5,5 УСД [49] на ден (ПКМ 2011) ќе порасне од 17% на 20-23%, што значи дека помеѓу 55.000 и 130.000 луѓе ќе бидат придвижени кон сиромаштија во 2020 година.

Податоците од Агенцијата за вработување покажуваат дека од почетокот на кризата (состојба на 29 февруари 2020), споредено со 31 јули 2020, бројот на регистрирани невработени мажи пораснал за 32%, додека на жените 36% (Графикон 10). Графиконот 10 подолу открива уште еден тренд, дека темпото на раст на регистрирани невработени жени е поголем отколку кај мажите, што сугерира дека можеби кризата несразмерно повеќе негативно влијае на вработеноста кај жените во однос на мажите (види анализа во мерка 9 подолу).

---

40 ЕПИ (2020) По разнишани скалила: за човековите права и ковид-19 по дерогирањето на Европската конвенција за човекови права, достапно на https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/ENG-ECHR-MK-COVID19.pdf. (последно пристапен 10/01/2021)

41 ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите, Скопје јануари 2021

42 Повеќе за анализата на ковид-19 мерките од аспект на човековите права погледни во ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите, Скопје Јануари 2021

43 ЦИКП анкета со невладини организации за мерките на ковид-19 и нивното влијание на родова еднаквост, октомври 2020

44 https://p.dw.com/p/3jwXk

45 https://p.dw.com/p/3jSLq

46 https://javendolg.open.finance.gov.mk/#plan-debt

47 https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PolicyBrief_no.43.pdf

48 ibid.

49 Според стандардите за земјите со високи средни приходи

Графикон број 10: Регистрирани невработени лица, март 2019 - јули 2021 година



Извор: Агенција за вработување

Сепак, голем дел од приливот на новите активни барателите на работа во евиденцијата на Агенцијата за вработување се должи на мерките за помош од државата, како на пример: платежната картичка, при што критериум беше лицата кои ќе ја добијат помошта да бидат пријавени на овој начин. Затоа податоците за невработеноста издадени од Државниот завод за статистика (ДЗС) се попрецизни, бидејќи применетата методологија ги следи упатствата на Меѓународната организација на трудот. До крајот на вториот квартал на 2020 година, ДЗС објави пораст на вкупниот број невработени од 1,91% во споредба со првиот квартал, при што стапката на промена кај мажите и кај жените беше различна со пад на бројот на невработени мажи од 1,25% и пораст кај невработените жени од 6,87%. Загрижувачки е што, според ДЗС, за истиот период значително пораснал и бројот на неактивно население за 2,14%, особено кај мажите, (5.22% мажи и 0,32% жени), што укажува дека расте и бројот на лица кои се откажале од барање работа или не прифаќаат да работат под сегашните услови на пазарот на труд.

Анализирано според сектори, табелите подолу ги прикажуваат првите пет сектори каде што најголем број жени и мажи го изгубиле статусот на вработени. Бидејќи ДЗС ги обработува податоците на вработени според пол и дејност на годишно ниво, со последни податоци за 2019 година, во табелите подолу апсолутната промена на број на вработени помеѓу втор и прв квартал 2020 е пондерирана според процентот на учество на мажи и жени утврдени во 2019 година на ниво на сектор[50]. Пондерираната апсолутна промена покажува дека најголем број жени ја изгубиле работата во секторите: преработувачка индустрија, транспорт и складирање, земјоделство, шумарство и рибарство, дејности на здравствена и социјална заштита и дејности во врска со недвижен имот.

[50] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/022_PazTrud_Mk_Sektori2_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-

Табела 6: Најпогодени сектори според бројот на вработени и пол, % учество на жени

Дејност	Апсолутна промена на број на вработени споредено помеѓу втор и прв квартал 2020 (мажи и жени)	Учество во % на жени во секторот (последни податоци 2019)	Пондерирана промена според % учество на жените во секторот од 2019 година
Преработувачка индустрија	-4.050	48,4%	-1.960
Транспорт и складирање	-11.999	13,8%	-1.656
Земјоделство, шумарство и рибарство	-2.694	37,7%	-1.016
Дејности на здравствена и социјална заштита	-1.161	78,0%	-906
Дејности во врска со недвижен имот	-1.191	75,2%	-896

Мажите во најголем број изгубиле статус на вработени во следниве сектори: транспорт и складирање, преработувачка индустрија, земјоделство, шумарство и рибарство, снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината и рударство и вадење камен.

Табела 7: Најпогодени сектори според бројот на вработени и пол, % учество на мажи

Дејност	Апсолутна промена на број на вработени споредено помеѓу втор и прв квартал 2020 (мажи и жени)	Учество во % на мажи во секторот (последни податоци 2019)	Проектирана Пондерирана промена според % учество на мажите во секторот од 2019 година
Транспорт и складирање	-11.999	86,2%	-10.343
Преработувачка индустрија	-4.050	51,6%	-2.090
Земјоделство, шумарство и рибарство	-2.694	62,3%	-1.678
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	-1.645	91,4%	-1.504
Рударство и вадење на камен	-683	92,7%	-633

Од табелите погоре, очигледно е дека најголем број мажи и жени ги изгубиле работните места во секторите на којшто кризата најмногу влијаеше поради затворањето на границите, односно транспортната индустрија и преработувачката индустрија, која има најголемо учество во извозот[51].

[51] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=

Одговорот на ковид-19 особено влијаеше и на социјалната инклузија, на припадниците на социјалните групи кои се во најранлива положба, односно, постарите лица, лицата со попреченост и припадниците на немнозинските заедници кои се стигматизирани, како на пример: Ромите, како и за оние кои живеат со помалку финансиски ресурси и во густо населени места. Анализата на ОБСЕ за влијанијата на вирусот врз родот и различностите покажува дека овие категории лица се диспропорционално изложени на поголеми здравствени и економски ризици од останатите. Студијата детектира стигматизација на заболените со вирусот, перцепција за социјална исклученост кај старите лица врз основа на возраст и верска припадност, како и дискриминација за Ромите поради неприспособеност на е-учењето за нивните деца на училишна возраст, на ресурсите и знаењата кои тие ги имаат за да можат да им даваат поддршка [52].

Уште на самиот почеток на кризата предизвикана од вирусот беше забележано дека „справувањето со ковид-19 има потенцијал да биде штетно, особено за феминизмот". [53] Рапидната анализа на економските и социјалните мерки донесени на самиот почеток на кризата покажа дека тие „вклучуваат родово сензитивни мерки", но „сепак, недостасува специфичен фокус на жените, имајќи ги предвид преткризните родови нееднаквости во економската сфера и опасноста од понатамошно продлабочување на нееднаквостите и влошување на економската положба на жените, особено ранливите групи жени". [54] Ова го потврдуваат и невладините организации кои работат на родова еднаквост. „*Генерално, според лично сознание, ниту една владина мерка конкретно не беше објавена во која беше таргетирана специфично или единствено кон женската или кон машката популација. Општо се однесуваа кон сите граѓани со единствено посочување според возрасните групи, одредени професии или одредени видови бизниси или јавни институции и некои мерки насочени кон одредени маргинализирани групи*". [55] Сепак, само 14% од претставниците на невладините организации кои учествуваа во анкетата сметаат дека владините мерки за одговор на ковид-19 придонесоа многу кон создавање или зајакнување на родови нееднаквости, а еднаков број претставници имаат перцепција дека се создадоа/зајакнаа неколку нееднаквости, односно дека не се создадоа (30,2% за двете опции).

Графикон 11:
Родово сензитивни мерки



[52] Повеќе за анализата на ковид-19 мерките и нивното влијание на социјалната инклузија и дискриминација погледни во ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-САРС-19 на родот и различностите, Скопје јануари 2021

[53] ЦИКП (2020) „Одговорот на ковид-19 и родот", достапно онлајн: https://cutt.ly/RsIhHbx (последно пристапен 10/01/2021)

[54] UN Women (2020) Влијанието на ковид-19 врз жените и мажите во Северна Македонија, достапно на интернет: https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf (последно пристапено на 10/01/2021)

[55] ЦИКП анкета со невладини организации за мерките на ковид-19 и нивното влијание на родова еднаквост, октомври 2020

[56] Податоците од Министерството за внатрешни работи 16-1-2-849/1

Двата најголеми резултати врз родовата нееднаквост кои се истакнуваат се: (i)зголемениот број случаи на семејно насилство и (ii) зголемениот товар на неплатен труд во домот кај жените. Имено, и покрај тоа што во време кога беа во сила мерките за ограничено движење се забележа зголемен број поплаки за семејно насилство (35 %) , но и бројот на прекршоците се зголемува за околу 6% во однос на истиот период минатата година, што не е правопропорционално со бројот на поплаки. Тоа покажува дека жртвите имале проблем да обезбедат материјални докази за прекршочно гонење на сторители.

Табела 1 - Прекршоци, сторители и жртви на кривични дела со семејно насилство

СВР	АПРИЛ – ЈУНИ 2019							АПРИЛ – ЈУНИ 2020						
	прекршоци	вкупно сторители	сторители - мажи	сторители - жени	вкупно	жртви - мажи	жртви - жени	прекршоци	вкупно сторители	сторители - мажи	сторители - жени	вкупно	жртви - мажи	жртви - жени
СВР СКОПЈЕ	**100**	**100**	91	9	**109**	42	67	**92**	**98**	82	16	**99**	47	52
СВР БИТОЛА	**0**	**0**	0	0	**0**	0	0	**0**	**0**	0	0	**0**	0	0
СВР ВЕЛЕС	**0**	**0**	0	0	**0**	0	0	**1**	**2**	2	0	**2**	2	0
СВР КУМАНОВО	**7**	**8**	6	2	**8**	6	2	**9**	**9**	7	2	**9**	4	5
СВР ОХРИД	**0**	**0**	0	0	**0**	0	0	**6**	**7**	7	0	**8**	5	3
СВР СТРУМИЦА	**0**	**0**	0	0	**0**	0	0	**0**	**0**	0	0	**0**	0	0
СВР ТЕТОВО	**3**	**3**	3	0	**3**	0	3	**1**	**2**	0	2	**2**	1	1
СВР ШТИП	**15**	**21**	18	3	**20**	10	10	**23**	**32**	23	9	**32**	21	11
ВКУПНО	**125**	**132**	**118**	**14**	**140**	**58**	**82**	**132**	**150**	**121**	**29**	**152**	**80**	**72**

Табела 8.1: Прекршоци, стор ители и жртви на кривични дела со семејно насилство за период април – јуни 2019/2020 година по Сектор за внатрешни работи

СВР	април – јуни 2019							април – јуни 2020						
	поплаки	вкупно сторители	сторители - мажи	сторители - жени	вкупно	жртви - мажи	жртви - жени	поплаки	вкупно сторители	сторители - мажи	сторители - жени	вкупно	жртви - мажи	жртви - жени
СВР СКОПЈЕ	**96**	**96**	70	26	**96**	32	64	**148**	**254**	125	129	**150**	41	109
СВР БИТОЛА	**144**	**144**	122	22	**144**	45	99	**155**	**158**	135	23	**157**	53	104
СВР ВЕЛЕС	**77**	**79**	69	10	**78**	29	49	**129**	**138**	115	23	**135**	43	92
СВР КУМАНОВО	**64**	**74**	61	13	**68**	31	37	**64**	**64**	55	9	**64**	20	44
СВР ОХРИД	**37**	**37**	30	7	**37**	12	25	**87**	**92**	69	23	**91**	37	54
СВР СТРУМИЦА	**116**	**120**	101	19	**121**	46	75	**161**	**167**	141	26	**162**	49	113
СВР ТЕТОВО	**69**	**69**	57	12	**69**	25	44	**48**	**48**	39	9	**52**	15	37
СВР ШТИП	**129**	**131**	103	28	**134**	54	80	**193**	**188**	160	28	**186**	73	113
ВКУПНО	**732**	**750**	**613**	**137**	**747**	**274**	**473**	**985**	**1109**	**839**	**270**	**997**	**331**	**666**

Табела 8.2: Поплаки, сторители и жртви на кривични дела со семејно насилство за период април – јуни 2019/2020 година по Сектор за внатрешни работи

Извор: Министерство за внатрешни работи

Но, исто така тоа го потврдува и анкетата каде што испитаниците укажуваат: „*жртвите на семејно насилство беа во тешка ситуација заради неможноста да го пријават насилството поради физичкото присуство на насилникот*“ [57]. Мерката со затворањето на училиштата и градинките, каде што обврската за чување на децата дома и нивниот образовен процес во најголем број случаи го презеле жените се смета за втор најголем резултат на родовата нееднаквост кој е предизвикан со кризата, особено заради тоа што според перцепциите на невладините организации, оваа мерка довела и до губење или оставање на работата заради грижа за деца како зголемени обврски во домот, при што мораат да работат и од дома итн. „*Неизвесноста околу згрижувањето на децата придонесе многу жени да останат дома и да ги изгубат работните места. Иако мерките не предвидуваат дека жените мора да ги чуваат децата, сепак, требаше да се има предвид дека општеството ќе изреагира на тој начин и да има кампања дека и во ова време, грижата за децата треба да падне подеднакво на двајцата родители*“. И рапидната оценка на влијанието на ковид-19 „укажува на големи родови разлики во времето поминато во извршување на домашна работа и грижа за децата и други лица, односно за разлика од мажите, кај жените зголемувањето на времето поминато во извршување на домашните активности и грижата за децата и други членови на семејството е значајно поголемо, и тоа кај секоја активност, со исклучок на активноста купување и набавка на намирници“. [58] Ова претставува најголем проблем за самохраните родители. „*Самохраните мајки ја губат работата бидејќи мораат да се грижат за своите деца дома и не можат да отпочнат нова бидејќи нема каде да го остави своето дете, а истовремено да биде сигурна дека тоа ќе биде заштитено и на сигурно*“. [59]

Оттука произлегуваат критиките за мерките дека се едни за сите, па дизајнот на мерката не ги зема предвид навиките, начинот на живот, како и постоечките родови улоги и нееднаквости и на некој начин ја „институционализираа родовата улога на жената како негувателка во домот и семејството и го утврдија родовиот стереотип дека мажот е главен хранител“. [60]

Освен што недостасуваше широк консултативен процес за мерките, што би довело до унапредување на нивниот дизајн, исто така еден од основните проблеми со кои креаторите на политики се соочуваа при донесувањето на овие мерки е непостоењето на родово разделени податоци. Овој проблем е особено значаен зашто не само што го отежнува соодветното креирање и дизајнирањето на мерките, го прави невозможно оценувањето на нивното влијание на статусот на мажите и жените и на родовата еднаквост. За да се направи и родовата анализа на трошоци, потребно е да се има родово разделени податоци на корисниците на мерките. Центарот за истражување и креирање политики на сите институции кои дизајнираа и спроведоа мерки за справување со ковид-19 им испрати барање за слободен пристап до информации побарувајќи полово поделени податоци за корисниците на мерките. Резултатите од одговорите на барањата се поразувачки. Од барањата [61] доставени до 20 институции, комплетен одговор доставија само девет. Пет институции се прогласија за ненадлежни и не ја исполнија законската обврска за препраќање до соодветната институција во целост. Една институција целосно го одби барањето поради чување банкарска тајна [62], додека останатите и покрај обврската од Законот за еднакви можности [63], не ги чуваат полово поделени податоците од реализацијата на мерките или воопшто не обработуваат никаква евиденција

57 ЦИКП анкета со невладини организации за мерките на ковид-19 и нивното влијание на родова еднаквост, Октомври 2020

58 UN Women (2020) Влијанието на ковид-19 врз жените и мажите во Северна Македонија, достапно на интернет: https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf (последно пристапено на 10/01/2021)

59 ЦИКП анкета со невладини организации за мерките на ковид-19 и нивното влијание на родова еднаквост, октомври 2020

60 ОБСЕ (2021) Анализа на влијанијата од ковид-CAPC-19 на родот и различностите, Скопје јануари 2021

61 Член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник бр. 101/2019):(1) Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето. (2) Имателот на информација, информацијата ја дава во бараната форма, освен ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна за јавноста и ако е поповолно за барателот информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, за што имателот на информацијата ја образложува причината за ваквиот начин на доставување.

62 Согласно Законот за банките, член 111 и 112 (Сл. весник бр. 67/207; 88/2008; 88/2008; 118/2008; 42/2009; 90/2009; 67/2010; 26/2013; 13/2014; 15/2015; 153/2015; 190/2016; 7/2019; 101/2019)

поврзана со мерките. Според тоа, родовата анализа на постигнатите резултати од спроведувањето на мерките и како распределените трошоци за справување со ковид-19 влијаат на статусот на жените и мажите и родовата еднаквост може да се направи во ограничени рамки. Односно делумно може да се заклучи дали мерките создале или не поголем родов јаз или ја унапредиле родовата еднаквост, иако дизајнот на мерката не вклучувал вакви очекувани резултати (како што веќе ни покажа анализата во поглавје 2).

Родово-фискална анализа на корисниците на ковид-19 мерките

За да се проценат родовите фискални импликации на ковид-19 мерките, беа побарани полово поделени податоци за извршување на мерките, односно за корисниците на мерките од сите институции. Следните мерки се оние за кои обезбедивме податоци или за кои со помош на прокси индикатори направивме родова анализа онаму каде беше возможно.

Искуството од прибирањето на податоци поделени по пол од извршувањето на мерките ни покажува дека институциите доколку мерката специфично не користи родова компонента, не се водат полово поделени податоци за нејзино извршување. Во листата на анализирани мерки подолу има неколку исклучоци каде што институциите направиле филтрирање на податоците користејќи го матичниот број на корисниците (на пример УЈП во мерката субвенција на 14.500 денари по работник) или каде што корисниците стриктно се делат по пол заради тоа што поддршката е за женски, односно машки спорт (ова се однесува на податоците од АМС). Банката за обнова и развој најпрвин ги сметаше податоците како деловна тајна, а потоа одговори дека немаат полово поделени податоци за кредитите кои ги пласираа, освен за извршувањето на мерката бескаматни кредити со 30% грант компонента за микро и мали претпријатија (од четвртиот сет економски мерки), која нуди и 30% грант за компаниите кои се водени или основани од жена, кои вработуваат млади лица, кои се извозно ориентирани или кои ќе воведат иновации, дигитализација и е-трговија во нивното работење. Ваквата мерка, според министерот Бектеши, ќе го унапреди женското претприемништво [64], но и родовата анализа на влијанието на мерките за ковид-19 врз родовата еднаквост заради тоа што Банката за обнова и развој ќе води полова статистика за управителите [65] и ги повика сите жени претприемачи да аплицираат и понатаму за поддршката што ја даваат Министерството за економија и Владата.

Мерка 1:
Продолжување на родителско отсуство поради ковид-19

Една од првите мерки на Владата беше продолжување на отсуството од работа заради раѓање и грижа за дете да важи до завршување на времените мерки за справување со вирусот COVID-19, со цел да се обезбеди заштита и грижа на децата. Самата мерка гласеше дека на работникот/чката на кој/а и завршило отсуството од работа поради бременост, раѓање или посвојување по прогласување на вонредната состојба, има право да продолжи да го користи отсуството од работа до завршување на времените мерки, а со тоа да продолжи да го користи и надоместокот на плата.

63 Член 18 од Закон за еднакви можности (Сл. весник бр. 6/2012, 30/2013; 166/2014; 150/2015): Собранието, Владата, органите на државната управа, правосудните органи и другите државни органи, органите на единицата на локалната самоуправа, правните лица на кои со закон им е доверено вршење дејности од јавен интерес, здруженијата, фондациите, јавните претпријатија, образовните установи, становите во областа на социјалната заштита, здравствените установи, политичките партии, средствата за јавно информирање, трговските друштва и други субјекти кои со закон се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци, се должни овие податоци да ги прикажуваат според полова припадност и да ги доставуваат до Државниот завод за статистика.

64 Бектеши, https://economy.gov.mk/vest/441

65 Одговор на барање за слободен пристап до информации доставен од ЦИКП

2437 мајки
99,4%

13 татковци
0,6%

Податоците од извршувањето на оваа мерка покажуваат дека за спроведување на мерката се потрошените 2,3 милиони евра. Мерката је искористиле 2.450 осигуреници, од кои 99,4% мајки и само 13 биле родител–татко, или 0,6%. Иако само жените можат да раѓаат, за децата откако тие ќе почнат да се хранат не исклучиво со мајчинско млеко, може да се грижи и таткото. Фактот дека мерката е искористена од 99,4% мајки, зборува дека родителската улога за грижа за детето од најмала возраст, таткото за време на ковид-19 ја презел во исклучителни случаи (односно во 0,5% од случаите). Дизајнот на мерката е родово неутрален и не овозможува разбивање на родовиот стереотип, каде што мајката е главна во грижа за детето. Бидејќи мерката важи само по завршување на законски загарантираното деветмесечно отсуство, кога детето е доволно големо за него да се грижи и друг освен мајката, доколку мерката беше родово специфична и имаше цел да го разбие родовиот стереотип ќе стимулираше повеќе татковци да го искористат продолжувањето на родителското отсуство заради ковид-19, со што освен што порамномерно меѓу мажите и жените ќе се распределеа финансиите, ќе се споделеше неплатениот труд дома за грижа за семејството, за што товарот го преземаат жените.

Мониторингот на спроведувањето на мерката со која на деца помали од 10 години еден од родителите можеше да биде ослободен од работа покажа дека на секој петти родител, таткото беше ослободен од работа, а мајките преземаа три четвртини од севкупната грижа.

ЦИКП испрати барање за пристап до информации од јавен карактер до 102 детски градинки и доби одговор од 63 детски градинки

Мерка 2:
Бескаматна кредитна линија ковид 1 во износ 5,6 милиони евра и ковид 2 износ 6 милиони евра?

Компаниите кои се соочија со неликвидност, односно чијашто економска активност е погодена од корона-вирусот, беа помогнати со мерката директно кредитирање по поповолни услови – со грејс периоди од 6 месеци, рок за отплата од 24 месеци, на тримес ечни рати. Кредитите беа во висина од 3.000 до 30.000 евра, а висината е во зависност од бројот на вработени во компанијата. Мониторингот на спроведувањето на оваа мерка ни покажа дека бескаматни кредити од кредитната линија ковид 1 добиле 738 компании во износ од 5,5 милиони евра, што претставува 40% од издвоениот износ на средства со оваа кредитна линија. [66] Не се достапни информации за

[66] ЕСЕМ (2020) „Планирањето и спроведувањето на првиот и вториот пакет економски мерки беа повеќе збунувачки и затскриени отколку 'навремени и сериозни', а пак третиот пакет сензационален", достапен на интернет: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2020/Planiranjeto%20na%201%20i%202%20paket%20ekonomski%20merki.pdf (последен пат пристапено на 10/01/2021)

корисниците на овие кредити, ниту за критериумите како е дизајнирана мерката, што оневозможува анализата на корисници да биде направена од родова перспектива, ниту да се оцени дали поради неадаптираните критериуми на потребите на економските субјекти, искористеноста на мерката е под 50%. Граѓаните и аналитичарите единствено имаа пристап до повикот за мерката која не ги зема предвид структурата на компаниите и секторите во кои традиционално има повеќе или помалку жени и затоа оваа мерка ја класифицираме како родово неутрална интервенција. Со оглед на фактот што во Македонија не се користи дефиниција на компании кои се управувани или основани од жени, нити се собира и чува статистика, немаме официјален податок колку компании се основани и/или водени од жени за да процениме колку од корисниците на оваа мерка би биле жени. Единствениот достапен податок за родовото учество во бизнис ни го дава последниот извештај на Светската банка „Анкета на претпријатија од 2019 година", според која од компаниите кои учествувале во анкетата, во 29,3% жените учествувале во сопственичкиот капитал, а 21,3% од компаниите кои ја пополниле анкетата биле управувани од жени. [67] Доколку го искористиме овој податок како прокси, во отсуство на податоци за реалните корисници на мерката и претпоставиме дека критериумите за бескаматната кредитна линија ковид 1 можеле да се исполнат и од компаниите управувани/основани од жени, можеме да процениме дека околу 1/4 од корисниците на мерката се жени како сопственици или управувачи, односно средствата биле искористени во вредност од 1,4 милиони евра од страна на жени. Сепак, немањето родово поделени податоци за корисниците на мерката, дополнително укажува дека при дизајнирањето на мерката, не е водено сметка за родовата структура кај крајните корисници, ниту влијанието кое ќе го има крајниот ефект на мерката за родовиот јаз.

Мерка 3:
Ослободување од аконтација за данок на добивка и данок на личен доход

Оваа мерка важи за март, април, мај 2020 година, за компаниите од секторот туризам, транспорт, угостителство и други погодени компании, под услов да не го намалат бројот на вработените од денот на користење на мерката, под бројот од февруари 2020 година и да не исплатиле дивиденда во текот на 2020 година до денот на поднесувањето на годишна сметка/финансиски извештаи за 2020 година и да не исплатиле награда, бонус по влегување во сила на одредбата.

149 компании
дејност
транспорт

114 компании
дејност
угостителство

79 компании
дејност
туризам

405 компании
останата
дејност

[67] World Bank (2020) "Enterprise Surveys What Businesses Experience" North Macedonia 2019 Country Profile, достапно: https://www.enterprisesurveys.org/content/dam/enterprisesurveys/documents/country/North-Macedonia-2019.pdf, (последен пат пристапено на 10/01/2021)

Со мерката се предвидува одложување на плаќање на месечните аконтации по основа на данокот на личен доход и данокот на добивка. Мониторингот покажа дека за мерката ослободување од данокот на личен доход поднесени се вкупно 816 барања, а прифатени се 597 барања [68]. За мерката ослободување на износот на аконтации од данокот на добивка вкупно поднеле 1019 даночни обврзници, а прифатени се барањата на 747 даночни обврзници [69].

Вкупниот износ на мерката изнесува 2 милиони евра. Не се достапни родово разделени информации за корисниците на оваа мерка, ниту како е дизајнирана мерката. Дополнително мерката не ги зема предвид структурата на компаниите и секторите во кои традиционално има повеќе или помалку жени и другите карактеристики, односно влијанија на оваа мерка и затоа оваа мерка може да се класифицира како родово неутрална интервенција.

Мерка 4:
Субвенција од 14.500 МКД по работник за периодот април - јуни

Од оние информации кои се јавно достапни може да се утврди дека до мерката за помош на компании за исплата на плата во износ од 14.500 денари имале пристап 21.542 компании или пак 61% од планираниот број компании. Вкупниот износ потрошен за оваа мерка е 83,7 милиони евра. За периодот април - јуни 2020, 76,738 корисници се мажи, додека 67.901 се жени [70]. Процентуално 52,93% се мажи и 47,07% се жени. Крајниот однос на корисниците нема сигнфикантна разлика, но за да се направи целосна анализа, потребна е структурата мажи/жени на вкупниот број потенцијални корисници за кои е дизајнирана мерката и структурата мажи/жени на апликантите. Исто така треба да се има предвид дека до јули 2020 година, за периодот за којшто се однесува анализата, 708 компании кои добиле над 385.000 евра за исплата на 14.500 денари за работниците за април и за мај, наместо да ги префрлат парите на над 1.700 работници, си ги задржале за себе, други 3.750 компании на речиси 53.000 работници им го скратиле и минималецот и исплатиле 1,5 милиони евра помалку [71].

76.738 мажи
или
52,93%

67.901 жени
или
47,07%

Мерка 5:
субвенција за спортисти и самостојни уметници

За сите спортски работници вработени во спортските здруженија како и за самостојните уметници обезбедена е финансиска поддршка од 14.500 денари за април и мај.

[68] https://vlada.mk/node/21331

[69] ibid

[70] УЈП по барање за слободен пристап до информации на ЦИКП бр.02-6997-2

[71] ФАКТОР, Овие два дена газди исплаќале плати за да не бидат казнети, денеска ќе бидат објавени, https://www.faktor.mk/niski-do-kraj-ovie-dva-dena-gazdi-isplakjale-plati-za-da-ne-bidat-kazneti-deneska-kje-bidat-objaveni

Со мерката за спортските работници се опфатени 403 илјади евра, а АМС известува дека се доделени на 855 корисници, од кои 707 се мажи и 148 се жени, или процентуално 82,60% наспрема 17,31%.

Од друга страна, на самостојните уметници им е доделена помош во вредност од околу 56 илјади евра на 118 корисници, од кои 75,4% мажи и 24,6% жени.

Бидејќи мерката не ги зема предвид структурата на корисниците и спортовите во кои традиционално има повеќе или помалку жени како и другите карактеристики, односно влијанија на оваа мерка, таа може да се класифицира како родово неутрална интервенција.

Спортски работници

707 мажи или 82,6%

148 жени или 17,3%

Уметници

89 мажи или 75,4%

29 жени или 24,6%

Мерка 6:
Субвенција од 50% од придонесите на плата во најпогодените сектори

За април, мај и јуни 2020 година, со субвенција на плата по вработен во висина до 50% од просечна плата исплатена во 2019 година, под услов да не го намалат бројот на вработените од денот на користење на мерката под бројот од февруари 2020 година, и да не исплатиле дивиденда во текот на 2020 година до денот на поднесувањето на годишна сметка/финансиски извештаи за 2020 година и да не исплатиле награда бонус по влегување во сила на одредбата.

За трите месеци искористени се субвенции за 36.680 вработени, или во просек по 12.226 месечно и за нив се потрошени 1,4 милиони евра, бидејќи мерката не ги зема предвид структурата на корисниците и секторите во кои традиционално има повеќе или помалку жени, како и другите карактеристики, односно влијанија на оваа мерка. Од УЈП сепак се достапни податоците дека 50% од вкупниот број регистрирани фирми во текстилната индустрија, каде што мнозинството што работат се жени, добиле државна поддршка. Фирмите кои добиле поддршка вработуваат 69% од вкупниот број работници во текстилната индустријата и 25.767 од нив добиле државна помош [72].

Мерка 7:
Времено релаксирање на условите за гарантирана минимална помош

За оние лица кои останале без работен ангажман или биле дел од неформалната економија се овозможува брз влез во системот на социјална заштита за април и мај. Тие добиваат просечно по 7.000 денари по домаќинство. Вкупно за мерката се потрошени 0,3 милиони евра. Во оваа мерка, според МТСП, за двата случаи корисници се повеќе жени.

3.870

4.024

[72] ЗМАИ (2020) Ефектите од ковид-19 врз текстилната индустрија, достапно на интернет: https://zmai.mk/wp-content/uploads/2020/12/tekstil-drzavna-poddrska-vkupno.pdf, пристапено 15/01/2021

Мерка 8:
Кредит од ЕИБ со субвенционирана каматна стапка

Во рамки на тековниот договор за заем помеѓу Развојната банка на Република Северна Македонија и Европската инвестициона банка се овозможува користење поволни кредити наменети за мали и средни претпријатија.

Примарна цел на оваа кредитна линија е обезбедување свеж капитал за поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз. Развојна банка ја пласира оваа кредитна линија преку деловните банки до крајните корисници, односно до мали и средни претпријатија и компании со средна пазарна капитализација.

Во рамките на овој договор, Развојната банка има можност за повлекување на неискористен дел од кредитната линија во износ од околу 50 милиони евра, со ниска каматна стапка, согласно доставени барања од страна на деловните банки. Со цел надминување на проблемите кои произлегуваат од новонастанатата состојба со појава на вирусот COVID-19, кој директно го погодува работењето на малите и средните претпријатија, државата презема мерка со која ќе ја субвенционира каматната стапка на Развојната банка кон ЕИБ, како и административниот трошок од 0,5% кој Развојната банка ќе го пресметува кон деловните банки преку кои ќе се пласираат средствата од оваа кредитна линија.

Со оваа мерка, Развојната банка на Република Северна Македонија понуди каматна стапка од 0% на деловните банки, кои пак за оваа линија ќе одат со пониски маргини и ќе може за кредитите да нудат каматни стапки од околу 1,5%. Вкупната вредност за оваа мерка изнесува 50,9 милиони евра.

Сепак, повикот не ги зема предвид структурата на компаниите и секторите во кои традиционално има повеќе или помалку жени и затоа оваа мерка може да се класифицира како родово неутрална интервенција. Тој не е дизајниран според постоечката структура на сопствениците на компании кои се потенцијални корисници, ниту пак родовата структура на вработените. Анкетата на бизнисите на ЦИКП во анализата за ОБСЕ покажува дека бизнисите кои ги водат жените се помалку сигурни дека ќе можат да ја надминат кризата самостојно и речиси 90% од бизнисите управувани од жени се изјаснуваат дека им е потребна дополнителна поддршка. Дополнително, според оваа анкета, женските бизниси се поранливи и имаат споредбено мали заштеди кои можат да ги искористат како стратегија за зачувување на бизнисот [73]. Со оглед на фактот дека кредитните линии (бескаматните и со ниска камата) со издвоени над 130 милиони евра се значителна компонента во економската борба на Владата против последиците од кризата, родовите слепи критериуми при селекцијата на компаниите што ги добиваат овие средства ќе доведат и до родово понерамноправна економија по завршетокот на кризата, со многу повеќе пропаднати женски бизниси.

[73] Research report on the online business survey on the impact of Covid 19 and the response measures on the work of Macedonian companies including gender analysis, достапно на http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Draft-research-report-business-questionnaire-with-recommendations-1.docx

Мерка 9:
Времено релаксирање на условите за надомест во случај на невработеност

За граѓаните кои останале без работа поради кризата, државата исплаќа паричен надомест секој месец во висина од 50% од просечната месечна нето-плата на работникот за последните 24 месеци согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и член 68 од овој Закон, според кој граѓаните кои останале без работа ќе остварат надомест преку Агенцијата за вработување согласно нивните години работен стаж.

Според податоците добиени од Агенцијата за вработување во периодот од март – јуни вкупно 1 милион евра се доделени за надомест во случај на невработеност според релаксираните услови. Според податоците, повеќе корисници на ова мерка се жените и тоа се должи на податокот дека за време на кризата повеќе жени се регистрирале како невработени во Агенцијата за вработување, иако мажите во поголем број го губат статусот на вработени за време на кризата според евиденцијата на ДЗС.

Имено, бројот на вработени мажи во вториот квартал во однос на првиот опаднал за 12.322, бројот на невработени дури и се намалил за 1.196, но бројот на мажи кои влегле во евиденцијата на неактивни се зголемил за рекордни 13.908, што укажува дека мажите масовно се пасивизираат и можеби губат надеж и мотивација да учествуваат на пазарот на трудот. Други можни објаснувања за оваа тенденција се дека голем дел од мажите што изгубиле работа доаѓаат од сивата економија или едноставно се недоволно информирани во однос на нивните права.



жени 13.736
или
55,34%

мажи 11.084
или
44,66%

Табела 9: Надомест во случај на невработеност според релаксираните услови, полово поделени

Месец	Вкупно	Жени	Мажи
март	4701	2498	2203
април	6040	3339	2701
мај	7159	4018	3141
јуни	6920	3881	3039
Вкупно	24820	13736	11084
% учество	100	55,34	44,66

Извор: Агенција за вработување

Од 10 најпогодени сектори и според пад на невработеност и според пад на плати, само во 2 сектора жените се над 50%. Значи најпогодените сектори се доминантно машки, но отпуштањата од работа се побројни кај жените.

На графиконот подолу се презентирани 10-те македонски градови кои се соочиле со најголем пораст во бројот на регистрирани невработени жени според Агенцијата за вработување, споредено за периодот помеѓу 31 јули и 29 февруари 2020 година. Очигледно е дека жените од Гевгелија и Валандово се најзасегнати од кризата, градови кои се наоѓа на јужната граница на земјата и се познати по услужниот сектор поврзан со казината, често посетувани од гости од Грција, каде што

услугите зависат од прекугранична мобилност и размена. Таму за првите 5 месеци од почетокот на кризата бројот на регистрирани невработени жени во Агенцијата за вработување се зголемил и за двојно. Повеќето од другите градови од оваа листа (пр. Штип, Кочани, Виница) се од источниот регион од земјата, каде што се концентрирани 40% од текстилната индустрија во земјата. [74]

Графикон број 12: Промени во бројот на регистрирани невработени жени помеѓу 29 февруари 2020 и 31 јули 2020 година, сортирани по процентна промена, први 10 градови



Иако трендот е јасен, сепак податоците од Агенцијата за вработување не ја доловуваат целата слика за промените на пазарот на труд во однос на обемот на невработеноста. Имено, овие податоци го прецензуваат нивото на невработеност и динамиката е посложена, особено што, како што се споменавме погоре, има многу луѓе кои се пријавиле како активни барателни на работа, а де факто се неактивни (не сакаат да работат под ваквите услови на пазарот на труд, дури и да им се понуди работа), само поради пристап до мерките против ковид-19, како на пример: мерката за платежна картичка за државна помош.

Мерка 10:
Стартап компании поддржани од Фондот за иновации и технолошки развој

Оваа мерка има за цел поддршка на развој на домашни стартап продукти и услуги за поттикнување на иновации, односно е наменета за микро и мали стартап компании со максимум 6 години постоење. Грантот е во износ од 60% од вредноста на проектот и притоа се доделени 15,44 милиони ЕУР. Од вкупно 237 одделни проекти, кај 74 проекти сопственик на компанијата е жена, додека кај 163 сопственик е маж.

[74] https://www.biznisregulativa.mk/Upload/Documents/Tekstilna%20Industrija_Sostojbi_2020-04.pdf

Министерот Бектеши оцени дека „олеснувањето на пристапот до разните форми на поддршка за жените претприемачи, со што покрај оваа мерка, жените имаат право да аплицираат и за сите други мерки кои се предвидуваат со КИП Програмата, придонесе за зголемување на процентот на субвенционирани компании кои се во сопственост и управувани од жени по повеќе мерки. Така, оваа година во Програмата за субвенционирање на мали и средни претпријатија, бројот на субвенционирани компании управувани од жени е зголемен за 16%”. [75]

74 проекти
сопственик на компанијата е **жена**

163 проекти
сопственик на компанијата е **маж**

Мерка 11:
Потрошувачка картичка кај граѓани со ниски примања

Со оваа мерка се опфатени 283 илјади граѓани. Вкупната вредност на оваа мерка изнесува 26,8 милиони евра. Притоа, корисници на платежната картичка со вредност од шест илјади денари се 5.726 самохрани родители, 182.271 пензионер со пензии до 15 илјади денари, 85.108 невработени - пасивни барателни на работа, 520 самостојни уметници, филмски работници, културни работници и естрадни уметници и 540 студенти. Во овој пакет-мерки се опфаќаат и граѓаните кои имаат над 64 години, а немаат пензија, ниту државна социјална пензија и се со приходи пониски од 15.000 денари или воопшто немаат приходи. Според тоа, оваа мерка опфаќа 283.000 граѓани, а нејзината вредност изнесува 26,8 милиони евра. Немаме податоци за полот на корисниците на мерките и не можеме да направиме родова анализа.

520
самостојни уметници, филмски работници, културни соработници и естрадни уметници

540
студенти

5.726
самохрани родители

182.271
пензионери

85.108
невработени – пасивни барателни на работа

[75] Бектеши: Продолжуваме зголемена поддршка за жените претприемачи, достапно на интернет: https://economy.gov.mk/vest/441 (последен пат пристапено на 10/01/2021)

4

Заклучоци и препораки



Од анализата можеме да заклучиме дека буџетските приходи во првичниот финансиски план изнесувале 222,3 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот тие се намалени на 196,8 милијарди денари, што претставува пад за 11,5%. Тоа е резултат на забавени економски активности и слаб континуитет на реализација, посебно од даночни приходи и придонеси.

Буџетските расходи, пак, во првичниот финансиски план изнесувале 239,7 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот тие се зголемени на 243 милијарди денари, што претставува зголемување за 1,4%. Тоа е резултат на донесени владини одлуки поврзани со амортизирање на последиците од здравствено-економската криза.

Со справувањето со здравствената и економска криза, јавните финансии бележат зголемување од 165,6% на буџетскиот дефицит, кој во првичниот финансиски план изнесувал 17,4 милијарди денари, а со усвоениот ребаланс на Буџетот е зголемен на 46,1 милијарди денари. Тој претставува 6,8% од новите проекции на БДП за фискалната година. Според ова, евидентно е дека средствата кои се трошат со намена за намалување на штетните последици од кризата, треба да бидат квалитетно испланирани и насочени за да бидат високо ефикасни во постигнувањето на предвидените резултати.

Карактеристично за кризата предизвикана од пандемијата е намалувањето на средствата во другите области во буџетот за сметка на здравството. Потребите во здравството рапидно се зголемија за средства, лекови, плати и за изградба на ковид-центри за хоспитализација на пациенти.

Паралелно со зголемените потреби во областа на здравството, државата беше принудена да интервенира со финансиски пакети и мерки за справување на последиците во економијата и социјалата за намалување на штетните последици предизвикани од здравствената криза. Потребно е да се истакне дека мерките беа донесени по забрзани процедури под притисок на нивниот итен карактер и динамичните промени на условите водени од текот на пандемијата.

Сепак, генерален заклучок е дека родовиот аспект при дизајнирањето на мерките системски не се применува за тие да бидат во подеднакво користени од мажи и жени или специфично да одговараат на родовите потреби, кои беа различни за мажите и жените, или трансформативно да делуваат на родовата нееднаквост која постоеше пред кризата.

Понатаму, што е исклучително значајно, тие да бидат подеднакво расположливи, т.е. достапни до мажите и жените при искористувањето на мерките, значајно е да се согледаат формалните и неформалните пречки кои стојат пред мажите и жените и да не бидат искористени, иако првенствено биле наменети потенцијално за ист или приближно ист број мажи и жени.

Според тоа, критериумите за мерките се особено важни и не смеат да бидат едни за сите. Со еднаков, ист пристап за сите, не се постигнува рамноправност, особено ако еднаквиот пристап остане слеп за историската дискриминација и немањето можности определени групи и подгрупи (пример: жени, и жени со попреченост) да ги исполнат критериумите. Нивната спецификацијата да одговараат на реалните состојби, но и да обезбедат полесен пристап до средства наменети за олеснување на негативните влијанија на кризата треба да биде приоритет.

За да се постигне ова, потребно е процесот на развој на мерки да е добро информиран и базиран на докази. Имено, во целиот процес треба да се предвиди и нивното влијание врз постоечката родова состојба и дали тие ќе делуваат позитивно или негативно во намалувањето на родовиот јаз.

Поради неконсултирањето на целните групи на мажи и жени при дизајнирањето на мерките, нивното спроведување и оценката на влијанието покажува дека мерките различно влијаат на мажите и жените и не овозможуваат еднаков пристап кон јавните финансии за двата пола.

Оваа анализа покажа дека само две од вкупно петнаесет мерки според дизајнот се родово трансформативни. Најголем дел, односно девет се родово позитивни мерки, додека четири се

родово сензитивни. Сепак, оваа оценка е само според дизајнот. Недостатокот на родово разделени индикатори, одредена специфична целна група на мажи и жени и индикатори за влијание пред спроведувањето оневозможува кај најголемиот дел од нив да се направи целосна и соодветна родова анализа на влијанието и да се направи оценка на влијанието на родовиот јаз. Тоа е всушност и најголемиот недостаток не само кај овие мерки дизајнирани за справување со негативните ефекти на пандемијата туку и генерално во процесот на дизајнирањето на политиките.

На ова се надоврзува податокот од анализата дека приближно ⅔ од испитаниците, граѓански организации кои се занимаваат со родови прашања, сметаат дека воопшто не добиле или добиле многу мала шанса да учествуваат и да дадат придонес во мерките. Овој податок заедно со податокот дека повеќе од 82% од жените испитаници сметаат дека мерките не биле консултирани со жени кои биле погодени од кризата покажува дека дизајнот на мерките не бил направен со мажи и жени за кои биле наменети, што е и еден од критериумите за родово трансформативни мерки.

Јавните набавки во најголем дел се спроведуваат со најмалку транспарентна постапка, со преговарање без оглас, што доведе да се создаде перцепеција за нетранспарентно спроведување на јавните набавки за ковид-19 и ризик од корупција. Мерките за транспарентност во јавните набавки беа задоцнети, но имаа ефект со оглед на фактот што институциите почнаа да ги објавуваат договорите од набавките спроведени без оглас. Додека се работеше на транспарентноста, отчетноста изостана. Имено, ниту Министерството за финансии ниту останатите институции не објавија извештаи за справувањето со пандемијата, односно како управувањето на јавните финансии влијае на еднаквоста. Сè уште не е објавен ревизорски извештај за трошењето на јавните пари за спроведувањето на ковид-19 мерките.

Пандемијата особено влијаеше на економскиот перформанс на земјата, која официјално е во рецесија. Идентификуван е и значителен пад на извозот и на секторите кои се поврзани со извоз. Иако само два од најпогодените десет сектори од кризата вработува доминантно женска работна сила, сепак, статистиката покажува дека трендот на невработеност кај жените расте, особено кај оние жени кои живеат во пограничните градови кои зависат од извоз и мобилност на стоките, услугите и луѓето преку граница. Пандемијата се чини влијае и на друг тренд на пасивизација на мажите на пазарот на труд, со оглед на фактот што нивниот број се зголемил за 5% во периодот следен за потребите на студијата (март-јули, 2020).

Од овој аспект мерките одговорија на потребите на жените кои останаа без работа или беа во неформалниот сектор со тоа што овозможија надомест во случај на невработеност и брз влез во системот на социјална заштита преку обезбедување минимален гарантиран приход. Но, мерките не стимулираа задржување на економската активност на жените, ниту преживување на женските бизниси. Дури во третиот, односно четвртиот пакет економски мерки по една мерка сразмерно користи родово специфични критериуми за поддршка на компаниите основани/водени од жени.

Оваа анализа покажува дека користењето на родово специфични критериуми во дизајнот на мерката е значаен фактор кој определуваа дали институцијата која ја спроведува мерката ќе собира податоци за корисниците поделени по пол или не. Според тоа, без родово специфични мерки, се чини невозможно следењето на резултатите и влијанието на мерките врз родовата еднаквост.

Резултатот на мерките, иако не целосно анализиран поради недостатокот на родово разделени индикатори, покажува дека мерките не помогнале за поддршка на задржувањето на економската активност на жените, туку напротив, придонеле кон негово зголемување. Имајќи ги предвид преткризните родови нееднаквости во економската сфера и опасноста од понатамошно продлабочување на нееднаквостите и влошување на економската положба на жените, особено ранливите групи жени, во текот на кризата овој јаз е проширен и институционализиран од индиректно влијание на одредени мерки.

Типичен пример е со затворањето на училиштата и градинките, каде што обврската за чување на децата дома и нивниот образовен процес во најголем број случаи го презеле жените и оваа мерка довела и до губење или оставање на работата заради грижата за децата и домот. Поради зголемените обврски во домот, не биле во можност да работат и од дома. Дополнително нивното напуштање или губење на работата во овој период, исклучително го отежнува нивното враќање на пазарот на труд и евентуалното повторно вработување заради сè поголемото затворање на работните места предизвикано од кризата и погоденоста на секторите со традиционално поголемо учество на жените во нив.

Друг пример за институционализација на родовите стереотипи забележуваме во начинот на распределување на субвенциите за спортисти и културни работници, каде што во првиот домен доминантно поголем број корисници имаме мажи, што не е случај во вториот домен, каде што поголем дел од регистрираните уметници се жени, но корисниците на мерките се мажи. Оваа сегрегација која е резултат на родовата историска дискриминација на жените во спортот со мерките се утврдува, а во културата се создава, наместо мерките да поттикнат трансформација и да ја унапредат родовата еднаквост.

На крајот, за да можат да бидат исполнети сите предуслови за правилно дизајнирање на мерките кои ќе обезбедат трансформација на состојбите од родов аспект, потребно е партиципативно креирање на мерките, во широки консултации и со квалитетно управување со јавните финансии и подеднакво распределување на јавните пари за потребите на мажите и жените. Потребни се транспарентни процедури за јавните набавки и исплатата на средствата од мерките за справувањето со последиците од ковид-19. Спроведувањето на мерките е последната алка која треба да обезбеди доследно постигнување на нивните цели и влијание на состојбите како што е планирано. Тоа секако подразбира и подобрување на транспарентноста и отчетноста.

ПРЕПОРАКИ

Базирано на овие заклучоци и наоди од истражувањето и анализата, се издвојуваат следните препораки:

1. Да се преземат напори за развој на мерки со учество на сите заинтересирани страни, во широки консултативни процеси, преку кои ќе се овозможи мерките да ги отсликуваат реалните потреби, начинот на живот, родовите улоги и постоечките родови нееднаквости.
2. Мерките во фаза на дизајнирање да се комуницираат на транспарентен начин со овозможување учество и придонес на специфичните целни групи во нивното креирање.
3. Да се развијат мерки кои ќе ја имаат вградено родовата еднаквост во дизајнот, кои специфично ќе одговорат на потребите на жените, односно ќе ги разбијат родовите стереотипи и ќе ги трансформираат родовите улоги.
4. Финансиската помош никогаш не смее да биде родово неутрална, особено во бизнисот и економијата, каде што имаме најголеми родови нееднаквости според Индексот за родова еднаквост . Според тоа, сите мерки со кои се даваат бескаматни кредитни линии или друг вид поддршка за микро, малите и средните претпријатија треба да вклучуваат специфични родови критериуми.
5. Сите институции треба да обезбедат и да чуваат полово разделени индикатори за да може соодветно да се анализира состојбата и да се дизајнираат мерките/политиките. За таа цел потребно е при самото дизајнирање на мерките, да се постават родово разделени индикатори на успешност за спроведување и влијание, т.е. трансформацијата во родовите односи кои ќе

[76] ЕИГЕ (2019) Индекс на родова еднаквост, достапно на интернет https://www.mtsp.gov.mk/indeks-na-rodova-ednakvost.nspx, последен пат пристапено на 15/01/2021

ја обезбедат.

6. Спроведувањето на мерките да се направи на транспарентен начин, преку учество на сите заинтересирани страни и да се обезбеди поддршка за нив со цел тие да се искористат од целните групи за кои се наменети.
7. По спроведувањето на мерките, да се направи анализа на успешноста на спроведувањето и на влијанието кое мерките го предизвикале во трансформацијата во состојбите на родовите односи.
8. Да се објават фискални извештаи за трошењето на парите за справување со ковид-19, кои ќе вклучуваат и родова перспектива на распределбата на јавните ресурси и пристапот и користа од нив на мажите и жените.
9. Вградување на родови индикатори во ревизиите на успешност кои се спроведуваат од Државниот завод за ревизија на мерките и јавните политики соодветно на буџетските индикатори.

Библиографија

В.Камбовски и др. „Анализа на правните аспекти на вонредната состојба“, Скопје, мај 2020 година, МАНУ
ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА, достапно на интернет: https://dzr.mk/sites/default/files/2020-12/Godisna_programa_za_rabota_DZR_2021.pdf

ДЗС, МАКСтат - база на податоци, Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект и полот, по години, 2020, достапно на интернет: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__Aktivnos-NaNaselenie/022_PazTrud_Mk_Sektori2_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.

ЕИГЕ (2019) Индекс на родова еднаквост, достапно на интернет https://www.mtsp.gov.mk/indeks-na-rodova-ednak-vost.nspx, последен пат пристапено на 15/01/2021

ЕПИ (2020) По разнишани скалила: за човековите права и ковид-19 по дерогирањето на Европската конвенција за човекови права, достапно на https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/ENG-ECHR-MK-COVID19.pdf. (последно пристапен 10/01/2021)

ЕСЕМ (2020) “Планирањето и спроведувањето на првиот и вториот пакет економски мерки беа повеќе збунувачки и затскриени отколку “навремени и сериозни”, а пак третиот пакет сензационален”, достапно на интернет: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2020/Planiranjeto%20na%201%20i%202%20paket%20ekonomski%20merki.pdf (последен пат пристапено на 10/01/2021)

Заклучок на Владата од 26 мај, 2020, достапно на интернет: http://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Izvadok-57-ma-sednica-na-Vlada.pdf, последен пат пристапено на 15/01/2021

Закон за јавни набавки, Службен Весник на Република Македонија бр 24/2019, достапно на интернет: https://dkzjn.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/Sluzben%20vesnik%20na%20RM%2024-2019.pdf (последен пат пристапено на 15/01/2021)

ЗМАИ (2020) Ефектите од ковид-19 врз текстилната индустрија, достапно на интернет: https://zmai.mk/wp-content/uploads/2020/12/tekstil-drzavna-poddrska-vkupno.pdf, пристапено 15/01/2021

Ковид – 19, Финансиска транспарентност, 2020, достапно на интернет: https://finansiskatransparentnost.koronavirus.gov.mk/#/payments-details

Ковид 19, Уредби донесени од Владата, Македонско здружение на млади правници, 18 март 2020, достапно на интернет: https://myla.org.mk/%d0%b2%d0%be%d0%bd%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%d0%be%d1%98%d0%b1%d0%b0/. Одлука Бр.44-2638/1 од 30 март 2020 година

Правилник за вршење државна ревизија, достапно на https://dzr.mk/sites/default/files/Pravilnik_za_vrsenje_drzav-na_revizija_Sluzben_vesnik_RSM_broj_264_05_11_2020.

Согласно Законот за банките, член 111 и 112 (Сл. весник бр. 67/207; 88/2008; 88/2008; 118/2008; 42/2009; 90/2009; 67/2010; 26/2013; 13/2014; 15/2015; 153/2015; 190/2016; 7/2019; 101/2019)
Според Годишниот извештај за еднакви можности за 2019 година на Катастарот објавен на интернет: https://www.katastar.gov.mk/wp-content/uploads/rodova_ednakvost/izvestai/Tabela_so_broj_i_procent_na_zapisani_prava_po_pol_i_po_katastarsko_oddelenie_2019.pdf
Според Годишниот извештај за податоците од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2019, достапен на интернет: https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/2879, последен пат пристапено на 15/01/2021

Според препораките на ЦИКП изложени во студијата од 2020 година “Анализа на исполнувањето на индикаторот за оддржлив развој цел 5.ц.1.”, достапна на интернет: https://gbwn.net/wp-content/uploads/2020/12/MAKEDONIJA_fi-nal.pdf (последно пристапено на 09/01/2020)

Студија за ефектите од пандемијата на ковид-19 врз работењето на компаниите во индустријата за текстил, индустријата за облека и индустријата за кожа и други кожни производи, мај 2020, достапно на интернет: https://www.biznisregulativa.mk/Upload/Documents/Tekstilna%20Industrija_Sostojbi_2020-04.pdf

Уредба со законска сила за изменување и дополнување на буџетот на МК за 2020 год. за време на вонредна состојба, Влада на МК (Службен весник на МК, бр. 126/20)

Уредби со законска сила донесени на седниците на Владата за спречување на ширењето на КОВИД-19, Влада на Република Северна Македонија, 2020, достапно на интернет: https://vlada.mk/uredbi-covid19

ФЕС (2020) DEMOCRACY AND THE STATE OF EMERGENCY Easing Measures and Rising Tensions in the Struggle with the Corona Crisis in the Western Balkans, Croatia and Slovenia, достапно на интернет : http://library.fes.de/pdf-files/

bueros/belgrad/16286.pdf. (последен пат пристапено на 09/01/2021)

Центар за граѓански комуникации (2020) Јавните набавки за време на корона во Северна Македонија: Како беше и што може да се прави во иднина? достапно на интернет: https://ccc.org.mk/images/stories/pbcovid-19mk.pdf (последен пат пристапено на 15/01/2021)

ЦИКП (2020) „Одговорот на ковид- 19 и родот", достапно на интернет: https://cutt.ly/RsIhHbx (последно пристапен 10/01/2021)

Член 18 од Закон за еднакви можности (Сл. весник бр. 6/2012, 30/2013; 166/2014; 150/2015)
Член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник бр. 101/2019)

Finance Think: Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија? Бриф за политиките бр. 43, 2020, достапно на интернет: https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PolicyBrief_no.43.pdf

Hannah Peckham, Nina M. de Gruijter, Charles Raine, Anna Radziszewska, Coziana Ciurtin, Lucy R. Wedderburn, Elizabeth C. Rosser, Kate Webb Male sex identified by global COVID-19 meta-analysis as a risk factor for death and ITU admission, достапно на интернет: https://www.nature.com/articles/s41467-020-19741-6 (последен пат пристапено на 09/01/2021)

Thera van Osch (2020) The gender impact of Coronavirus: How to move to an economy that cares for people and the planet, достапно на интернет https://wideplus.org/wp-content/uploads/2020/03/The-gender-impact-of-Corona-Virus.pdf (последно пристапено на 09/01/2021)

UN Women (2020) Влијанието на ковид-19 врз жените и мажите во Северна Македонија, достапно на интернет: https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf (последно пристапено на 10/01/2021)

Wenham C, Smith J, Morgan R COVID-19: the gendered impacts of the outbreak. Lancet. 2020; 395: 846-848, достапно на интернет: https://www.thelancet.com/journals/langlo/article/PIIS2214-109X(20)30464-2/fulltext (последен пат пристапено на 09/01/2021)

World Bank (2020) "Enterprise Surveys What Businesses Experience" North Macedonia 2019 Country Profile, достапно: https://www.enterprisesurveys.org/content/dam/enterprisesurveys/documents/country/North-Macedonia-2019.pdf, (последен пат пристапено на 10/01/2021)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

336.14:[616.98:578.834(497.7)(047)

ЦИКП студија. Бр. 42 [Електронски извори]. Справување со ковид-19 : како трошењето на јавните пари влијае на родовата еднаквост? / [автори Ристе Јуруковски ... и др.]. - Скопје : Центар за истражување и креирање политики, 2021

Начин на пристапување (URL): http://www.crpm.org.mk.
Текст во PDF формат, содржи [57] стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 01.02.2021. - Фусноти кон текстот. - Други автори: Марија Ристеска, Кристијан Алексоски, Златко Симоновски. -
Библиографија: стр. [55-57]

ISBN 978-608-4586-70-8

1. Јуруковски, Ристе [автор] 2. Ристеска, Марија [автор] 3. Алексоски, Кристијан [автор] 4. Симоновски, Златко [автор]
а) Јавни финансии -- Справување со економските последици од Ковид 19 -- Родови аспекти -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 53054213

ISBN 978-608-4586-70-8